ISSN 2671-3829

ВРСТ

2024

СПИСАНИЕ НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ - БИТОЛА



40 години

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

ГРСТ

списание на СОУ „Таки Даскало“ – Битола
бр.6, април 2024 г.

ISSN 2671-3829

За издавачот:
Ристо Грујовски, директор

Главни и одговорни уредници:
Весна Мундишевска-Велјановска
Марија Младеновска-Димитровска

Редакција:
Валентина Богојовска
Николче Ѓелевски
Драганчо Марковски
Марија Китаноска Кочовски
Катерина Спасовска-Маурдева
Даница Поповска
Михаил Наумовски
Анита Стефановска

Јазична редакција:
Ири Јефтимова

Компјутерска обработка:
Весна Мундишевска-Велјановска

Корица:
Миле Атанасоски

Контакт адреса:
Ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр.37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk

СОУ “Таки Даскало“ – Битола

Печати:
АД „Киро Дандаро“ – Битола

Содржина:

2	Меѓународна соработка
5	Проекти – Обуки – Работилници
22	Геолошко-рударска и металуршка струка
24	Градежно-геодетска струка
26	Текстилно-кожарска струка
28	Графичка струка
30	Гимназиско образование
32	Угостителско-туристичка струка
34	Лични услуги
36	Сообраќајна струка
37	Признанија/ Награди
42	Еко ТД
43	Литературен клуб
44	Медиумски клуб
47	Библиотека на СОУ „Таки Даскало“
48	Волонтерски клуб
50	Креативни и надвор од ТД
52	ГРСТ забава

ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ



СОУ „Таки Даскало“ годинава одбележува значаен јубилеј – **40 години од основањето**. Иако нашата историја и традиција е многу подолга од 40 години затоа што нашето училиште настана со здружувањето на Гимназијата „Браќа Миладиновци“ и Стопанското училиште „Кочо Рацин“, кои датираат од претходно, сепак СОУ „Таки Даскало“ официјално е формирано 1984 година со Одлука на Собранието на Општина Битола. Нашето училиште цели четири децении е најголемиот образовен центар во овој дел од државата и остава значаен белег во воспитно-образовниот процес, продуцирајќи квалитетен кадар, успешно трасирајќи го својот пат. Наши најважни приоритети и заложби се подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, креирање на соодветни услови и потенцијал кој ќе овозможи стекнување на знаења, креативност, иновативност, хумани вредности, развој на личноста кај учениците, подготвеност за работа и подобрување на квалитетот на животот. Постојано се трудиме да обезбедиме современи услови за настава, имплементирање на современи наставни планови и програми, отворање на нови образовни профили според потребите на пазарот на трудот, обезбедување на современи просторно-технички услови за учење и работа, усовршување на наставниот кадар, примена на ИКТ, интеграција на теоријата и праксата, меѓународни проекти, сè со цел на учениците да им се овозможи модерно образование според европски стандарди, а на наставниците услови за професионално и кариерно усовршување и напредување. Во СОУ „Таки Даскало“ покрај квалитетно општо гимназиско образование и билингвална гимназија, на учениците им обезбедуваме и квалитетно стручно реформирано образование кое продуцира добро едуцирани стручни кадри подготвени да се вклучат на пазарот на трудот. Наставниот процес во стручното образование се одвива според новите реформирани модуларни наставни планови и програми, кои се базираат на резултати од учењето и сè поголемиот акцент на практичната настава.

Реализирани се бројни капитални инфраструктурни проекти како реконструкција на спортските сали, спортските терени и училишниот двор. Набавена е нова компјутерска опрема за кабинетот по информатика. Со средства од Општината Битола реконструирани се скалите во училиштето во зграда „Б“ и комплетно реконструирана е целокупната паркетна површина во двете згради. Поставена е бехатонска подлога во училишниот двор наменет за паркинг-простор за вработените со електронска рампа. Сменети се училишните табли со нови и набавен е нов училишен мебел, како и наставни средства за струките и гимназиското образование.

Во соработка со родителите и локалната средина континуирано водиме грижа за здравјето и безбедноста на учениците, се одржува клима на доверба и взаемна почит на патот за кариерен развој и тимска работа.

На сите вработени и ученици им го честитам големиот јубилеј – 40 години!Преку остварување на нашата визија и мисија, СОУ “Таки Даскало“ – Битола претставува регионален образовен центар затоа што во нашето училиште покрај ученици од Битола и околните општини своето средно образование го продолжуваат ученици и од други региони.

Меѓународна соработка



ЕРАЗМУС + ПРОЕКТИ

Соработка со III. Загребска Гимназија Р.Хрватска во Еразмус+ проект

СОУ „Таки Даскало“ – Битола оствари меѓународна соработка со III.Загребска гимназија-Загреб, Република Хрватска во Еразмус+ проект на Европската Унија во рамките на програмата ”Joob Shadowing-Екологија, зелени политики и одржливи практики”. Реализатори на соработката се: директорот на училиштето Ристо Грујовски, координаторот Славица Наумовска, Весна Мундишевска-Велјановска – претседател на Еко-одборот на училиштето, членовите на Еко-одборот од редот на наставниците (Тони Видевски, Љубица Мешкова-Солак, Драгица Здравковска, Валентина Ристевска, Весна.М.Трајковска) работни тимови од одговорни наставници (Кики Младенова, Оливера Каранфиловска, Билјана Исијанин, Катрина Мауредва-Спасеновска, Снежана Паскова, Мери Цицкова, Жанета Сиваков, Оливера Ѓоргиевска, Валентина Николовска, Флорида Кулевска, Живка Ицановска-Танушевска, Горан Ангелов) и ученици од гимназиско и од стручно образование. Во последната седмица од април 2023 г. во посета беше Марина Остовиќ, професор по англиски и италијански јазик, и учествуваше во реализацијата/набљудување на бројни еко-работилници („Реставрација на оштетени книги од училишната библиотека” и „Рециклирање на хартија“ во графичка струка, ликовна еко-креативна работилница „Сакам зелена и чиста планета”, „Априлски-еко прозорец/ постер/ фотографија со градежно-геодетска струка, „Интегриран час по еко-стандард III по Шпедициско работење и Екологија во сообраќајот” во сообраќајна струка, еко-час „Обновливи извори на енергија” со билингвална паралелка I 11, еко-час „Прашања за животната средина” со билингвална паралелка II 12, врсничка едукација на тема: „Ние и природата” (едукатори ученици од II 12 и IV 11 билингвални паралелки, едуканти – ученици од I 1, II 1, III 1 од рударска струка и I 9 од лични услуги) и еко-изложба на облека и модни додатоци од рециклирани материјали во текстилно-кожарска струка. Во СОУ „Таки Даскало“ континуирано се води грижа за зачувување на животната средина како основен услов за градење на култура за здраво живеење преку бројни еколошки активности имплементирани во Годишната програма за работа на училиштето и примената на еко-стандардите интегрирани во наставните содржини на наставните предмети. Еколошките активности и креативните зелени идеи и одржливи практики, кои ги реализира нашето училиште како добри практики ќе бидат прифатени и применливи како нови идеи и содржини во рамките на еколошката едукација во оваа загребска гимназија во Хрватска што воедно е и главна цел во отпочнувањето, јакнењето и одржливоста на соработката и размена на искуства од областа на еколошкото образование и културата помеѓу двете училишта во градовите Битола и Загреб.

Славица Наумовска











ОБУКА DEVELOPING AND TEACHING ACADEMIC WRITING ВО АЈОВА, САД



Во рамките на OPEN Online Professional English Network, програма на Стејт Департментот на САД, Валентина Богојовска, професор по англиски јазик и книжевност во СОУ „Таки Даскало“ Битола, ја заврши обуката насловена Developing and Teaching Academic Writing (DATAW) на Државниот Универзитет на Ајова, САД. Обуката беше поделена на 8 модули чии активности се одвиваа од декември 2023 до март 2024. Таа беше номинирана за учество од страна на Амбасадата на САД во Скопје.

Како учесник на оваа обука, професорката Богојовска стекна вештини за креирање на курсеви за пишување што одговараат на потребите за пишување на нашите ученици. Исто така, опфатени беа и различните пристапи и клучните компоненти на курсевите за академско пишување, стратегии за предавање на вештините за академско пишување во училница каде фокусот е насочен на потребите на учениците, како и важноста и сегментите на процесното пишување. Понатаму, акцент беше ставен и на начините на барање и оценување извори на информации, развивање на аргументи, следење на карактеристиките на различните типови текстови и како да се земат во предвид контекстот, публиката и културата во процесот на пишување. Исто така, беше опфатен и начинот како да се подготви апликација за студирање во Соединетите Американски Држави.

По успешното завршување на курсот, професор Валентина Богојовска стана алумна на Државниот Универзитет на Ајова.

УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНГРЕСИ; ФОРУМИ; КОНФЕРЕНЦИИ

- Професорката по математика Биљана Стевановска, учествуваше на VII Македонски математички конгрес, што се одржа од 27 до 30 јуни 2023 година во Струга, во организација на Сојузот на математичари на Македонија.

- На 26 и 27 октомври 2023 г. м-р Гордана Кожуваровска учествуваше на XII Меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“ што се одржа во Бања Лука, Република Српска, со труд „Сообраќајни незгоди предизвикани од млади возачи“.



- Од 17 до 20 април 2024 год., во Златибор, Република Србија, се одржа 19-та меѓународна конференција „Безбедност на сообраќајот во локалната заедница“ на која учествуваше м-р Гордана Кожуваровска, наставник по сообраќајни стручни предмети и претседател на РСБСП.

- Психологот Марија Младеновска-Димитровска, ќе учествува на Меѓународниот психолошки форум „Детето во дигиталниот свет“, што ќе се одржи во Москва, Руска Федерација, од 1 до 2 јуни 2024 година, во организација на Сојузниот научен центар за психолошки и интердисиплинарни истражувања во соработка со Факултетот за психологија при Државниот московски универзитет „Ломоносов“ и Руското психолошко друштво.

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ПРЕКУ УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ, КОНГРЕСИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ



Во посета на СОУ „Таки Даскало“ – Битола беше д-р Алберто Коста, од Италија, кој е претседател на EWE – Европската фондација за волна, каде оствари средба со директорот Ристо Грујовски, проф. по текстилни стручни предмети Анита Стефановска, која е национален претставник за Македонија во EWE. Тој се запозна со сите активности на училиштето.

На 9 април 2024 год. професорката Анита Стефановска од текстилната струка учествуваше на „Европскиот ден на волната“ што се одржа во Метцово, Грција во организација на EWE Foundation.

ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТА ГОДИНА

За учениците од трета година во периодот од 09.05.2023 до 14.05.2023 година, се реализираше екскурзија на релација Будимпешта-Прага-Виена, во времетраење од 6 дена со три ноќевања, едно во Будимпешта, а две во Прага. Учениците поминаа прекрасни и незаборавни моменти кои ќе им останат засекогаш врежани во нивните сеќавања. Ја посетија Будимпешта каде ги разгледаа знаменитостите на градот Плоштадот на хероите, дворецот на Вајла Хунјади, булеварот Андраши, Операта, Катедралата на Матија Корвина, стариот дел на Будим, Рибарската кула, Цитаделата, Океаниумот, Тропикариумот и Зоолошката градина, а во ноќните часови крстареа по Дунав и имаа можност да уживаат во прекрасниот изглед на градот и величествената зграда на Парламентот. Во Прага ја посетија Катедралата Св.Вит, Астрономскиот часовник Орлој, Вацлавскиот и Староградскиот плоштад, Карловиот мост, Хардчани дворецот со манастирот Страхов, новиот и стариот кралски дворец, Лорето, Златната улица, Париската улица, посета на стара чешка пивница, а беа и во дискотека. Во Виена го посетија дворецот Шенбрун и паркот околу дворецот и посета на дворецот Хофбург, седиштето на австрискиот претседател и поранешна резиденција на Хабсбуршката монархија, како и центарот на Виена. Учениците имаа можност да се запознаат со историјата, географските одлики и културно-историските знаменитости на земјите кои ги посетија и со природните одлики и да понесат незаборавни искуства.



Марија Младеновска Димитровска




Проекти – Обуки – Работилници

ГОЛЕМИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА



Во СОУ „Таки Даскало“ – Битола се реализираа големи инфраструктурни зафати во двете училишни згради за подобрување на условите за учење и работа. Новата учебна 2023/2024 година, учениците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола ја започнаа во нови, реновирани училници и значително подобрени услови за учење.




Реконструиран е подот во сите училници и кабинети во двете училишни згради, извршена е комплетна санација на внатрешните скали во Блок Б, кои беа дотраени и небезбедни за движење, а е реконструиран и паркинг-просторот за вработените и поставена е електронска рампа.

– Со финансиски средства од основачот Општина Битола во износ од 5 милиони денари се реконструира подот во училниците, во двете училишни згради во вкупна површина од 2722 м^2, заменет е дотраениот паркет во вкупна површина од 136 м^2. Извршена е комплетна санација на внатрешните скали во Блок Б, а уреден со бехатон плочки е и во паркинг-просторот за вработените во вкупна површина од 418 м^2 – истакна директорот на СОУ „Таки Даскало“, Ристо Грујовски.



Исто така, се направени значајни инвестиции за набавка на нова опрема и наставни средства за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

– Набавен е нов училишен мебел, училишни табли и столчиња, нова компјутерска и друга ИКТ опрема за сите училници, телевизори и нагледни средства за сите струки и за гимназијата, како и машини и друга опрема – изјави директорот Ристо Грујовски.



Инаку, претходно во изминатите две-три години беа реализирани крупни инфраструктурни зафати како проектот за реконструкција на двете спортски сали, кој беше реализиран со средства на МОН, како и реконструкцијата на спортските терени и училишниот двор за што средствата беа издвоени од Општината Битола со што значително се придонесе за



осовременување на условите за работа во училиштето и за подигнување на квалитетот на наставата.



Марија Младеновска-Димитровска

СО ПОДДРШКА НА ОПШТИНА БИТОЛА РЕАЛИЗИРАНИ ПОВЕЌЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“

Градоначалникот на Општина Битола, д-р Тони Коњановски, во два наврати го посети СОУ „Таки Даскало“, каде се информираше за текот и реализацијата на повеќе инфрастуктурни проекти кои се финансирани со поддршка на Општината Битола. Директорот Ристо Грујовски и дел од вработените во училиштето, го запознаа градоначалникот со реализираните проекти.



– За реализација на проектите се инвестирани пет милиони денари, со што значително ќе се обезбеди реализација на поквалитетен воспитно-образовен процес во училиштето и современи услови за настава – истакна градоначалникот Тони Коњановски и додаде дека Општината Битола и во наредниот период ќе продолжи да инвестира во училиштата со цел создавање на подобри услови за учениците и наставниот кадар.



– Реконструиран е паркетот во сите училници и кабинети во двете училишни згради, извршена е комплетна санација на внатрешните скали во Блок Б, реконструиран е паркингот за вработените во училиштето со нови бехатон плочки.

Набавен е нов училишен мебел, училишни табли и столчиња, нова компјутерска и друга ИКТ опрема за сите училници, телевизори, нагледни средства за сите струки и гимназијата – истакана директорот Ристо Грујовски и додаде:



– Претходно, исто така, со средства од Општина Битола, се уредија спортските терени, хортикултурно се уреди училишниот двор, поставена е нова урбана опрема, поплочен е просторот околу спортските сали со бехатон плочки, се направи обиколна дренажа, со што за овие активности се одвоени околу 4,5 милиони денари.

Марија Младеновска-Димитровска

ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО ПОВЕЌЕ ИНСТИТУЦИИ



СОУ „Таки Даскало“ – Битола потпиша меморандуми за соработка со повеќе институции. Еден од нив е Меморандумот кој директорот Ристо Грујовски го потпиша со деканката на Факултетот за биотехнички науки од Битола, проф. д-р Гордана Димитровска, со што ќе се овозможи продлабочување на соработката меѓу двете образовни институции, размена на знаења, искуства и добри практики. Учениците од гимназиското образование, како и од угостителско-туристичката струка и козметичка нега и убавина, ќе имаат можност да се стекнат со практични знаења во најсовремено опремените лаборатории на Факултетот за биотехнички науки.



Покрај со Факултетот за биотехнички науки, потпишани се меморандуми за соработка и со ФИКТ, со Високата медицинска школа, Европскиот универзитет Скопје, со Здружението за битолско-грчко пријателство и соработка „Пелагонија“, НУ „Народен театар“ – Битола, Стопанската комора на РСМ; повеќе основни и средни училишта, Дирекцијата за заштита и спасување, Ротаракт клубот Широк Сокак Битола, повеќе салони за убавина, занаетчии, компании од градот итн.

Донации

ВРЕДНА ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА “КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ“

Германската компанија „Кромберг и Шуберт“ на дело ја покажа својата општествена одговорност дека е компанија која несебично помага на други институции. Имено, вредна донација беше доделена на СОУ „Таки Даскало“, од страна на „Кромберг и Шуберт“, која вклучува професионална машина за чистење и дезинфекција на подови. Машината за чистење, која е набавена од компанијата „Симпекс“ ДОО Битола, во вредност од околу 180.000 денари, ќе овозможи побрзо, поефикасно и потемелно чистење на подовите пред сè во неодамна реконструираните спортски сали на училиштето, за нивна дезинфекција, но ќе се користи по потреба и за чистење и дезинфицирање и на подовите во училниците и помошните простории, што е особено потребно во воспитно-образовни установи. Со вакви модерни начини на чистење го зачувуваме здравјето на учениците и сите вработени, со што значително се намалува можноста за пренос на разни вируси и инфекции и подобрувањето на условите во кои учениците и наставниот кадар, го поминуваат најголемиот дел од денот и за заштита на здравјето на сите вработени во училиштето, затоа што чистотата е половина здравје.



– Од името на сите вработени во СОУ „Таки Даскало“ и од мое лично име, упатувам јавна благодарност за донацијата и се надеваме дека нашата заедничка соработка ќе продолжи и во иднина – истакна директорот на училиштето, Ристо Грујовски.



ДОНАЦИЈА НА КНИГИ ОД РОТАРИ КЛУБОТ БИТОЛА ШИРОК СОКАК

СОУ „Таки Даскало“ доби вредна донација на книги на англиски јазик од страна на Ротари клубот Битола Широк Сокак за своите ученици. Со оваа донација, која беше врачена од страна на претседателката на Ротари клубот Битола Широк Сокак, проф. д-р Моника Марковска, значително ќе се зголеми библиотечниот фонд на училиштето.



– Ротари Клубот Битола Широк Сокак, 15 години ги негува вредностите на давање услуги, различност, интегритет, лидерство и дружење. Донацијата на книги на англиски јазик има за цел да им овозможи на учениците да стекнуваат и да ги продлабочуваат своите знаења на англиски јазик на различни теми – истакна проф.д-р Моника Марковска.

– Со големо задоволство, од името на сите вработени и од мое лично име, изразувам огромна благодарност до Ротари клуб Битола Широк Сокак, за големата донација на книжевни дела, кои ќе придонесат за интелектуалниот развој на нашите ученици, пред сè учениците од билингвалните паралелки – истакна директорот Ристо Грујовски.

– Мудрите рекле дека секоја прочитана книга е непроценливо богатство и дека секој човек проживеал толку животи колку што прочитал книги. Книгите отвораат нови пространства, нови бескрајни универзуми. Изразувам голема благодарност до Ротари клубот Битола Широк Сокак и за соработката која ќе продолжи на обострано задоволство – истакна Марија Младеновска-Димитровска, психолог и претседател на Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ – Битола.

Марија Младеновска-Димитровска



ДОНАЦИЈА НА ГЕРМАНСКИ КНИГИ

Здружението за македонско-германско пријателство и соработка од Битола, дониираше книги на германски и дел на македонски јазик со тематика поврзана со Германија во нашето училиште и со тоа ја збогативме нашата библиотека.





СО СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ГО ОДБЕЛЕЖА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК

СОУ „Таки Даскало“ – Битола со бројни настани свечено го одбележа својот патрон празник 3 Мај. Свечената академија по повод патронатот се одржа во „Киното Манаки“.

Со богата програма која учениците ја подготвија под менторство на своите наставници, ја воодушевија публиката со своите изведби, рецитали, музички настапи и уште еднаш ја покажаа својата креативна енергија и талентот.




На свечената академија се обрати директорот на СОУ „Таки Даскало“, Ристо Грујовски, со осврт на значењето на Таки Даскало во македонската историја и неговата трагична погибија, а ги истакна и денешните заложби на колективот, за визијата и мисијата за растежот на училиштето и реализираните проекти во изминатиот период.

За публиката која ја исполни салата на „Киното Манаки“ до последното место, беа подготвени и два рецитали „За моќта на учителот“ и „Вавилон“, видео презентација „Волнени модни додатоци“, како и богата музичка програма, беа доделени награди за најдобрите ученици на училишниот литературен и ликовен конкурс на тема „Слика во збор, збор во слика“, а во холот на киното имаше и изложба на ликовни дела.


Марија Младеновска-Димитровска

Беа презентирани и двете училишни изданија по повод патронатот, училишното списание „ГРСТ“ и книгата „Осликан збор“, во која се застапени творби создадени од ученици и наставници.










ОТВОРЕН ДЕН ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“





Во СОУ „Таки Даскало“ – Битола, се одржа отворен ден, на кој учениците од деветто одделение имаа можност да се запознаат со гимназиското образование и сите струки кои им ги нуди училиштето.

На настанот, кој беше богато организиран, имаше и музички концерт во кој учениците го покажаа талентот за пеење, свирење, модна ревија на учениците од текстилната струка, со модели кои сами ги дизајнираа, а учесниците во модната ревија беа професионално нашминкани од учениците од струката лични услуги, козметичка нега и убавина. За гостите од основните училишта, учениците, заедно со нивните родители, наставниците и другите вработени во училиштето, подготвија мултиетничка кујна со традиционални јадења, а учениците од угостителско-туристичката струка подготвија и посебна шведска маса која ја аранжираа и ги покажаа своите вештини.



Имаше и изложби од учениците од графичката струка, како и од членовите на ликовната секција. изложба на макети на индивидуални објекти, тродимензионални модели, проекти изработени во Auto Cad од градежно-геодетската струка, текстилците рачни изработки на модни додатоци, торби и накит, а гимназијалците изведоа хемиски и физички експерименти.

Марија Младеновска-Димитровска








Проекти – Обуки – Работилници



„PANDA LABS JUNIOR FOR JUST TRANSITION"

Нашето училиште СОУ „Таки Даскало“ – Битола со ученичката Кристина Јованова од четврта година графичка струка и професорката Валентина Ацевска, учествуваа на Регионалната конференција во рамките на проектот "Panda Labs Junior for Just Transition", која се одржуваше во Охрид од 16 до 18 јуни 2023 год. Преку иновативен образовен пакет кој вклучуваше посветена интерактивна онлајн програма за климатски промени и праведна транзиција, хакатони и онлајн простор за соработка, проектот промовира зелено претприемништво и цели кон создавање одржливи можности за живот во регионите со јаглен. На конференцијата учениците од РС Македонија, Србија, Црна Гора и Бугарија имаа прилика да се запознаат, да ги споделат своите иновативни еколошки бизнис идеи и да ја зајакнат заедницата на младите иноватори. Младите беа вклучени и во Симулации на економско-социјални совети и го споделуваа своето мислење на



тркалезни маси, на кои учествуваа и претставници од невладини организации, бизнис секторот, претставници на локалната самоуправа и други релевантни чинители. Нашата ученичка Кристина Јованова беше избрана и за едукатор со видео за климатските промени, кое е поставено на електронска едукативна платформа во рамките на проектот.

Кристина Јованова IV 4, графичка струка

ИНТЕГРИРАНА ПСИХОЕДУКАТИВНА И ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА „ГРИЖА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ”









Во нашето училиште беше реализираа искуствена работилница од подрачјето „Грижа и унапредување на менталното здравје на учениците“ со примена на проективна техника како мотив/алатка во креирањето на ликовни продукти и за себе-откривање и самопомош во подобрување на благосостојбата кај адолесцентната личност. Преку интеграција на искуствени методи/проективни техники од психологијата и ликовната уметност – како делотворни и позитивни стемулуси се овозможува: јакнење на визуелната перцепција, особините на личноста, креативноста, асоцијацијата, фантазијата, емоционалните тенденции и чувственото доживување. Учесници во работилницата беа учениците од III 12 (гимназиско образование), Славица Наумовска, училишен психолог и Љубица Мешкова Солак, наставник по ликовна уметност.

Славица Наумовска

ПРОЕКТ „ОТВОРЕНИ КНИГИ“



На 13.11.2023 г. ученици и „Литературниот клуб“ од СОУ „Таки Даскало“ – Битола под менторство на професорките Билјана Исијанин и Николина Поповска иницираа проект „Отворени книги“. Проектот се реализира во просториите на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Отворените книги се простор каде учениците ќе може да се изразат слободно, поттикнати од сликите и зборовите кои се појавуваат само на одредени страници, додека останатите празни страници ќе треба да ги пополнат сами. На тој начин тие ќе создадат свое оригинално дело од слики и зборови кое пак истото ќе може слободно да биде надградувано од посетителите во просторот во кој ќе бидат оставени. Неутралноста на зборовите и сликите ќе биде збогатена со еден нов предизвик во кој истите ќе може да се интерпретираат на различен начин. „Знак“, „Индикација“, „Постоење“, „Дали сонуваш“ се само дел од темите кои ќе поттикнат дела во кои ќе можеме барем за момент да сирнеме одблиску во микрокосмосот на младите.

Билјана Исијанин, наставник по Ликовна уметност и
Николина Поповска, наставник по Македонски јазик и литература

„ЗАКИТИ СЕ СО КНИГА“ – РАБОТИЛНИЦА ЗА СИТЕ ВОЗРАСТИ

На 06.12.2023 г. по повод Патрониот празник на Библиотеката, Ромина Милетиќ, дизајнер на ентериери од „ Арт корнер“ Студио за дизајн, одржа работилница „Закити се со книга“ каде учесници од различни возрасни групи имаа прилика да изработат брош во форма на книга.



На работилницата учествуваа и ученици од графичката и текстилната струка при СОУ „Таки Даскало“ – Битола.

Во пријатна атмосфера со чај и колачиња библиотекарите ги пречекаа учесниците во новиот простор на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Дневна соба на градот во која се организираат нови иновативни библиотечни програми.

Одговорен наставник: Николина Поповска,
наставник по Македонски јазик и литература



ГЕРМАНСКИ БОЖИЌЕН ПАНАЃУР



На ден 23 Декември 2023 год. во Старата битолска чаршија како дел од Божиќната приказна се одржа германски Божиќен панаѓур организиран од наставниците по германски јазик од основните и средните училишта на Општина Битола.

Настанот предизвика голем интерес и беше посетен од многу луѓе. На овој настан учество зеде и СОУ „Таки Даскало“. Учениците подготвуваа храна и новогодишни украси.



СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ“

СОУ „Таки Даскало“ е меѓу 25-те избрани пилот-училишта од Македонија кои учествааат во имплементација на проектот „Квалитетно образование за сите“, а кое е избрано врз основа на посебни критериуми за добри училишни практики, за справување со дискриминација и инклузивно образование.



Целта на проектот, кој започна од декември 2022 година и ќе се спроведува до 2025 година, е промовирање на демократијата и човековите права во образованието, како и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и компетенции за демократска култура кај учениците, согласно референтната рамка на компетенции на ЕУ.

Една од главните цели е вмрежување на училиштата, да станат дел од Националната мрежа на демократски и инклузивни училишта, зајакнување на националната стратегија за образование, на мултикултурното и инклузивно образование и размена на добри училишни практики и искуства и заедно со локалната заедница и граѓанските организации да обезбедат инклузивна средина за учење за сите ученици

Во рамките на проектот, кој е финансиран од Германија, а имплементиран од Советот на Европа и МОН, беше организирана иницијална конференција „Едукација за демократска култура – од политика до практика“, на која присуствуваа министерот за образование и наука Јетон Шаќири, како и експерти од Советот на Европа, Германската амбасада, од министерствата на Србија, БиХ, Црна Гора и претставници од 25-те пилот-училишта, кои споделија искуства.





Беа реализирани и повеќе обуки за директорите на училиштата и за училишните тимови, а реализирана беше и тркалезна маса, на која беше анализиран Извештајот за мапирање на имплементацијата на „Стратегијата за образование 2018-2025“, со препораки за политики за трасирање на правецот на образовната реформа со училиштата и локалната самоуправа.

Марија Младеновска-Димитровска

Проекти – Обуки – Работилници

ПРОЕКТ „СТОП НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ“

Во Europe House Bitola се одржа завршната конференција на проектот „Стоп на дискриминацијата на лицата со попречености“, во кој активно учество зеде и СОУ „Таки Даскало“. Целта на проектот кој се реализираше во изминатиот период во повеќе училишта во Битола и кој опфаќаше повеќе обуки и работилници со ученици, стручни соработници и образовни асистенти, е подигнување на свеста за постоењето на дискриминација во општеството кон лицата со попреченост и кои чекори да се преземат за да се намали дискриминацијата кон овие лица и нивна подобра интеграција во сите сфери во општеството.

На настанот од страна на проф.д-р Сашо Кочанковски беше презентирана анализата на истражувањето „Ајде заедно да ја намалиме и спречиме дискриминацијата“ спроведена во рамките на проектот 0.

На завршната конференција беше организирана и панел дискусија на тема „Предизвиците и позитивните страни на инклузијата во образованието“, на која свое излагање имаше стручниот соработник-психолог м-р Марија Младеновска-Димитровска, како претставник на СОУ „Таки Даскало“ и координатор на Училишниот инклузивен тим, која сподели искуства од работата со образовните асистенти во училиштето и напредокот кое го остварува во процесот на инклузија, како средно училиште со најголем број образовни асистенти во Битола и Анета Ѓоргиевска, логопед и советник во Општина Битола, раководител на одделението за Социјална заштита, која сподели за искуствата кои ги има Општината во насока на инклузијата, а говореа и претставници од врсничките едукатори, образовните асистенти, претставници од стручните служби.



На СОУ „Таки Даскало“ – Битола му беше доделена благодарница за активно учество во проектот, која ја прими директорот Ристо Грујовски. Проектот е поддржан преку мали грантови од програмата за антидискриминација на Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Порака Нова во соработка со YMCA.mk.

Марија Младеновска-Димитровска





ОБУКИ ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И ПРАКТИКАНСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на проектот БАЗА НА ВЕШТИНИ – QR ПРАКСА, кој се реализира во соработка на Здружението QR ОПШТЕСТВО, СОУ „Таки Даскало“ – Битола и Регионалната стопанска комора Битола, се реализираа низа обуки за т.н. „меки вештини“ со кои беа опфатени ученици од втора, трета и четврта година од повеќе струки кои во моментов се дефицитарни на пазарот на трудот.

Обуките ги реализира училишниот психолог во СОУ „Таки Даскало“ м-р Марија Младеновска-Димитровска, која ги едуцираше учениците во делот на кариерното советување и насочување, односно како младите луѓеда ги развијат своите не само стручни вештини и компетенции, туку да го креираат и својот личен и професионален профил на личност, со цел полесно да дојдат до вработување.



– Во рамките на обуките ги едуцираме учениците да научат како да ги развијат меките вештини, да се мотивираат да вршат практикантство и активно да бараат работа, да направат си-ви, како да се претстават на интервју за вработување, да научат да направат SWOT-анализа за себе си и да креираат акционен план со конкретни активности кои би ги презеле со цел да се вработат – истакна Марија Младеновска-Димитровска, обучувач.



Во рамките на активностите од проектот беше реализирана и работилница за учениците и наставници од угостителско-туристичката струка во хотел-ресторанот „Читална“, каде учениците изведуваат практична настава, а се одржа и завршна конференција која се одржа во хотел „Милениум“, на која се обрати и директорот Ристо Грујовски, проектниот тим и донаторите Европската Унија, а беа присутни и претставници од Општина Битола и бизнис заедницата. Беше креирана и онлајн платформа т.н. база на вештини, www.baseofskills.org.mk на која учениците креираа свои QR профили, а свои профили во базата имаат и педесетина компании – потенцијални работодавачи од Битола, и која платформа ќе остане по завршувањето на проектот во сопственост на училиштето.



Марија Младеновска-Димитровска

Проекти – Обуки – Работилници

ТРИБИНИ НА ТЕМА „ЗАВИСНОСТИТЕ КАЈ МЛАДИТЕ"

Психологот Марија Младеновска-Димитровска, по повод одбележување на ноември како месец на зависностите, одржа две трибини со млади. Едната во Битола, на покана на здружението на граѓани Pro Local, а другата трибина се одржа во Општинската сала на Општина Ресен, на покана на Општинската организација на Црвениот крст од Ресен, која се одржа на 29.11.2023 година. На трибините психологот Младеновска-Димитровска, ги запозна младите со различните видови психоактивни супстанци, со негативните влијанија врз психофизичкото здравје, со различните видови зависности кои земаат сè повеќе замав меѓу младата популација, со последиците од зависностите, како навремено да ги препознаат знаците на зависност, и за важноста на превенцијата и навремената интервенција. Серија предавања на темата зависности психологот одржа и во нашето училиште.





РАБОТИЛНИЦА „УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ ВО РАНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛОТ“

Во хотел „Милениум“, на 14.06.2023 година, се одржа заедничка работилница во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Министерството за внатрешни работи на Македонија – Сектор за внатрешни работи Битола и Отсекот за превенција при СВР Битола на тема: "Улогата на жените во рано препознавање на криминалот и создавање на побезбедна заедница" на која учесници од СОУ „Таки Даскало" беа психолозите Марија Младеновска-Димитровска и Наташа Ралевска-Вучкова.





СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ ГО ОДБЕЛЕЖА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, беше одбележан по шести пат, преку реализација на психоедукативна работилница во создавање на ликовни продукти на тема: „Зимска бајка за сите“. Преку ликовните продукти се стимулираат позитивни идеи на креативност и изразување на позитивните емоции на радост. Во реализацијата на работилницата беа вклучени учениците со посебни образовни потешкотии, како и надарените ученици од ликовната уметност: Андреј Димовски, Михаела Деспотовска, Христина Сервини, Стефанија Кечеџи и Марија Тиловска, како и образовните асистенти: Пандора Бојовска, Виолета Атанасоска, Марјан Лазаровски, Милена Ристевска, Марина Ангеловска, Катерина Димитровска, Марија Велевска и Ангела Пачовска. Организатори и реализатори на работилницата се: училишните психолози Славица Наумовска и Марија М. Димитровска и проф. по ликовна уметност Љубица Мешковска Солак.





Андреј Димовски II 11, Михаела Деспотовска II 10, гимназиско образование

КАМПАЊА „16 ДЕНА АКТИВИЗАМ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВО“ ПОДДРЖАНА ОД ОПШТИНА БИТОЛА




На 06.12.2023 г. во салата на Советот на Општина Битола се реализираше работилница: „Обединети против насилството врз жените и девојчињата во Општина Битола“ во рамките на кампањата „16 дена активизам за спречување насилство врз жените и девојчињата со поддршка на ЕУ/Совет на Европа – Ромактед програмата втора фаза“. Реализатори беа ЦСР-Битола (предавач: Дуда Јаја соц.работник), МВР-СВР Битола (предавач: Бети Бошкова, инспектор за малолетна деликвенција и семејно насилство) и Основен суд Битола (предавач: Татјана Митревска, судија), а учествуваа ученици од основните и средните училишта од Општина Битола. Одговорни наставници: Славица Наумовска и Татјана Чагорска.


Ериха Сулимановски III 8, Октавија Даутовска III 8, угостителско-туристичка струка

„ГРИЖА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ“









ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО КАКО НЕГАТИВНА АСОЦИЈАЛНА ПОЈАВА ВО РАЗВОЈОТ НА АДОЛЕСЦЕНТНАТА ЛИЧНОСТ И ПРЕВЕНЦИЈА

Во рамки на кампањата „16 дена активизам за спречување на насилството“ учениците-едукатори за врсници: Стефанија Бошковска, Марија Вељановска, Ердита Амеди и Наталија Ѓорѓиевска од IV година гимназиско образование, после соодветна обука и информации за темата, со интерактивни стратегии како што се презентација во мали групи, дискусии и советувања, реализираа едукација на врсници – ученици од I година гимназиско образование. Врсничката едукација/образованието меѓу врсниците е познато како споделување информации и искуства меѓу поединци со нешто заедничко. Ваквата едукација има за цел да им помогне на младите луѓе да ги развијат знаењата, ставовите и вештините кои се неопходни за модификација на позитивното однесување преку воспоставување на достапна превентивна и психосоцијална поддршка. Врсничката едукација главно се фокусира на информации за намалување на штети, превенција и рана интервенција, која овозможува да биде ефикасна алатка за промовирање здраво однесување кај адолесцентите. Врсничката едукација се реализираше на 11 декември 2023 година. Организатори на активноста беа: Ристо Грујовски директор, Славица Наумовска, училишен психолог и Добре Босилковски, помошник директор.

Ердита Амеди IV 10, гимназиско образование

ЗДРАВА ХРАНА И ЗДРАВ ЖИВОТ ЗА ПРАВИЛЕН РАЗВОЈ НА АДОЛЕСЦЕНТНАТА ЛИЧНОСТ







Предавање и презентација од подрачјето „Грижа и унапредување на здравјето на учениците“ на тема: „Здрава храна и здрав живот за правилен развој на адолесцентната личност“ реализирано од дипл. фарамацевт м-р Филип Џоковски, Славица Наумовска, училишен психолог, Славица Јовевска, дипл. стоматолог и проф. по стручни предмети, и Весна Христовска, проф. по биологија. Дата на реализација: 27.11.2023 година со ученици од I, II и III година стручно образование, и 04.12.2023 година со ученици од I и IV година гимназиско образование.

Славица Наумовска, Весна Христовска

ВО КНИЖЕВНИОТ УНИВЕРЗУМ НА АЦО ШОПОВ



„Во книжевниот универзум на Ацо Шопов“ беше настанот на којшто присуствуваа ученици од I 11 билингвална паралелка и нивните професорки Николина Поповска, македонски јазик и литература и Валентина Богојовска, англиски јазик.

Стогодишнината од раѓањето на Ацо Шопов беше одбележана со литературно читање на македонски и англиски јазик на творби од авторот преведени од студенти. Истиот беше организиран од Педагошкиот факултет – Битола, Македонското научно друштво – Битола и Културно-информативниот центар – Битола. Настанот беше разубавен и со изведби на дела од Шопен.



ИЗДАДЕНА ЗБИРКАТА РАСКАЗИ „TELL ME A STORY“

Во рамките на наставата за проектните активности по Англиски јазик – Креативно пишување, учениците од билингвалната паралелка I 11, под менторство на Валентина Богојовска, професор по англиски јазик и книжевност, го издадоа вториот дел од збирката раскази **„Tell me a story“**. Како и за првиот дел, огромна поддршка добивме од Ивана Ангелковска, координатор на Американското Катче Битола.



Овој пат учениците се одлучија за раскази од жанрот мистерија, со илустрации од самите ученици. Читајќи ги расказите ќе се соочите со многу непријатели на главните ликови Елизабет и Луис, ќе дојдете до разрешницата на бројни мистерии во XIX век. Уживајте во секој прочитан збор!



ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПОЕТОТ РАДЕ СИЛЈАН

По повод Патронатот на училиштето и 5 Мај – Денот на македонската азбука и јазик, беше организирано претставување на творештвото на поетот Раде Силјан насловено „За архитектониката на поетските завештанија на Раде Силјан“. За поезијата на Силјан говореше Милица Радевска, наставник по македонски јазик и литература, а стихови од неговата поезија интерпретираа учениците Дејан Богојовски, Александра Марковска, Марија Сервини и Ангела Поп-Гиновска од трета година, гимназиско образование, билингвална паралелка. Во третиот дел од настанот од книгата по „Патот на великаните“ од Паскал Гилевски, посветена на творештвото на Раде Силјан, од мноштвото научно-вдахновени рецензии и критики беа издвоени неколку како потврда на согледбите на Гане Тодоровски, како еден од неговите најдобри проследувачи и толкувачи, дека во творечки континуитет на Раде Силјан препознаваме Авторски растеж, Литературен авторитет и Творечка автономија. На крајот учениците Дејан Богојовски, Александар Јовановски и Анастасија Огненова, од билингвални паралелки, се преставија со свои креативни преводи на поезијата на Раде Силјан. Настанот беше збогатен и со музичките акорди од гитарите на Нина Велиновска од графичка струка и Софија Трајковска од ОУ „Коле Канински“.



Анастасија Огненова III г. гимназиско образование, билингвална паралелка

ГРИЖА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ „ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ЖЕНСКОТО ЗДРАВЈЕ“







Ученички од I до IV година сообраќајна струка и од прва година од гимназиско образование, учествуваа на предавање и презентација од подрачјето: „Грижа и унапредување на здравјето на учениците“ на тема: „Да зборуваме за женското здравје“ со д-р Весна Шикловска спец. радиолог. Предавањето е организирано од Ротаракт клуб Битола Широк Сокак во соработка со Педагошки факултет-Битола. Настанот имаше за цел да ја подигне свеста за важноста на женското здравје, а се одржа на 20. 03. 2024 год. во Педагошкиот факултет. Одговорни наставници од училиштето: Славица Наумовска, училишен психолог, Ангела Николовска, наставник по сообраќајни стручни предмети и Славица Јовевска, наставник по стручни предмети во струката лични услуги.

УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБА

На 27. 03. 2024 г. во Скопје, ученичката Михаела Деспотовска од II година гимназиско образование успешно се претстави со свое креативно дело на Изложбата за најдобри решенија на Повиците за визуелни дела за дизајнери и за средношколци – на тема: „Трансплантација и органодонорство“ како дел од проектот „Поддршка на системот за трансплантација“, финансиран од Европската унија, во кој краен корисник е Министерството за здравство, реализирана во партнерство со Ист Гејт и „Нептун Македонија“. Изложбата која е повеќе од само уметнички потфат, односно е витален дел од определеноста на општеството да го поддржи системот за трансплантација во нашата држава, ја отвори евроамбасадорот во земјава, Дејвид Гир.






ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО

По повод 7-ми Април, Светскиот ден на здравјето, во рамките на подрачјето „Грижа и унапредување на здравјето на учениците“, се организира здравствена едукација на подигнување на свеста за здравјето. Едукацијата преку презентација и интерактивна дискусија опфати теми од областа на: Дерматологијата, Хигиена и Болести на зависности, за кои учениците од гимназиско образование и градежно-геодетска струка пројавија голем интерес и зедоа активно учество. Реализатори на едукацијата беа Славица Наумовска, училишен психолог, м-р Филип Џоковски, дипл. фармацевт и Весна Христовска, професор по биологија.



ВРЕДНИ ВАУЧЕРИ ЗА МАТУРАНТИТЕ ОД СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“

Ротари клубот Битола „Широк Сокак“, заедно со МКЦ Битола, по повод Денот на добри дела, дониpаше вредни ваучери во вид на парична помош и ваучери за козметички производи, во вкупна вредност од над 100.000 денари, за матуранти од СОУ „Таки Даскало“.

– Убаво е да се прават добри дела и треба да се прават добри дела, секој ден. Ротари Клубот Битола Широк, заедно со МКЦ – Битола, преку донацијата го одбележаа денот на правење на добри дела. Заедно, направивме добро дело за дел од матурантите од СОУ „Таки Даскало“ – Битола, беа обезбедени ваучери. Ова добро дело, ние како ротаријанци го посветуваме на нашиот хуманитарец и член Пецо Стојановски-Стентон, а компанијата „Стентон градба“ е нашиот најголем поддржувач на денешниот настан – истакна проф. д-р Моника Марковска, претседател на Ротари клубот Битола „Широк Сокак“.



– Особено ни е мило што соработката меѓу нашето училиште и Ротари клубот Битола „Широк Сокак“ продолжува на обострано задоволство. Преку овој хуман гест беа израдувани неколкумина матуранти од нашето училиште, што ќе им биде мотив во иднина да го надградуваат своето знаење – истакна директорот Ристо Грујовски.

Марија Младеновска-Димитровска
Анастасија Огненова III 12, гимназиско образование



ОБРАЗОВНО-РЕКРЕАТИВНА ЕКСКУРЗИЈА

На 16.04.2024 год. учениците од паралелката IV 6 градежен/архитектонски техничар, заедно со класниот раководител Жанета Сиваков, беа на еднодневна образовно-рекреативна екскурзија на Баба Планина, каде што учествуваа во повеќе активности.

Најпрво групата планинареше до месноста „Јоргов камен“, потоа се водеше дебата на тема „Љубовта и заштитата на нашите национални богатства, здравиот начин на живеење, важноста на рекреацијата за физичкото и менталното здравје на човекот“, каде сите ученици зедоа активно учество.



На крај ги посетија Музејот и детското одморалиште и од аспект на идни техничари и инженери даваа предлози за реконструкција на објектите, игралиштето и околината на одморалиштето за во блиска иднина да ги прикажат на хартија.



Заклучокот од сите беше дека треба да им се дава повеќе простор и важност на младите и нивните идеи бидејќи тие се иднината на Македонија.


Жанета Сиваков

РАБОТИЛНИЦИ ЗА ПРИМЕНА НА ВЕКТОРИТЕ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

➦ Паралелката II 2, сообраќајна струка, профил техничар за патен сообраќај, под менторство на Биљана Стевановска, наставник по математика.


Векторите во секојдневниот живот и во сообраќајот, како алатка за регулирање на сообраќајот, поточно за насочување на возилата и пешаците.



Ве прашуваме дали би знаеле каде да одиме, каде да завртиме, на која страна да се насочиме без патоказите?

Секако дека не.



➦ Графичка струка



Патот до Ѕвездите = Патот со ВЕКТОРИТЕ

Учевме, истражувавме, работевме, се изградувавме, научивме, ви пренесуваме:

- Зошто се важни векторите?
- Векторите во нашиот живот и секаде околу нас
- Векторите во графичката струка

Професорката по математика Биљана Стевановска вели: „Со бескраен респект и цела љубов кон моите ученици за истрајноста и трпението за желбата и жарот да се научи и реализира! Огромна благодарност до колешките од графичкиот актив Катерина Спасовска-Маурдева, Снежана Паскова, Валентина Ристеска и Весна Мундишевска-Велјановска за доближувањето на работата на машините во графичкиот кабинет како би можела да ја увидам врската на векторите со графичката струка, на Пандора Бојовска за несебичната помош при барањето слики на интернет и за тоа што ни беше цело време дежурен критичар на патот со векторите, и едно големо благодарам кон колегата Миле Атанасоски за техничката поддршка на децата при склопувањето на сликите со патоказите, како и за неговото безгранично трпение на сите мои упади на неговиот час и извлекување на ученици од час. Посебна благодарност до психологот Марија Младеновска-Димитровска за безрезервната поддршка, за достапноста во секое време и имањето слух за сите наши идеи. Деца мои чест и бескрајно задоволство ми беше да работам со вас.“





Секогаш ваша, проф. по математика Биљана Стевановска ♥

Паралелка II 4, графичка струка

Геолошко-рударска и металуршка струка

Рударството игра клучна улога во реализирање на глобалната енергетска транзиција. Неможе да се зборува за технологии за производство на обновлива енергија, а да не се спомни екстракција на минерали. Минералите се дел од Земјината кора. Геологијата треба да ги пронајди, рударството да ги ископа, а металургијата да ги преработи до неопходни суровини за изработка на: соларни панели, батерии до турбини на ветер и сл. Значи, рударската индустрија е во првите редови за овозможување одржлив енергетски систем.



Поради запоставеност на рударската индустрија во последните години, Европа како никогаш досега стана зависна од минерали и метали.

Затоа неодамна ЕУ донесе Директива за критичните суровини со која се подржува отварање нови рудници ширум Европа, а сè со цел исполнувањето на зелената транзиција. **Законот за критични суровини** ќе обезбеди пристап на ЕУ до безбедно и одржливо снабдување со критични суровини, овозможувајќи ѝ на Европа да ги исполни своите климатски цели.

Оваа Директива доби **зелено светло** и силна поддршка и од екологистите што ја поддржуваат Зелената агенда на Унијата до 2050 година, но и од стопанските комори на ниво на ЕУ, кои го истакнуваат економското значење.

Поддршката за отварање нови рудници значи дека на европските екологисти им е кристално јасно дека зелена транзиција не е возможна без рудници, односно зелената транзиција мора да започне во рудникот.

Новите рудници ќе ископуваат руда по најмодерни стандарди со цел да се минимизира влијанието врз животната средина, за што се свесни и тамошните екологисти.

По овие информации се поставува прашањето каков став ќе имаат домашните активисти и еко здруженија. Дали се за отварање нови рудници и зелена транзиција или против? Со инвестирање во одговорни рударски практики и поттикнување на иновации, можеме да ја забрзаме транзицијата кон почиста, позелена иднина. Да ја искористиме моќта на рударството за да поттикнеме позитивни промени за нашата планета!

Да се бориш против рудниците во денешно време значи да се бориш против подобар стандард на живеење, просперитет на државата, како и енергетска транзиција, против почиста животна средина.

МОДЕРНОТО РУДАРСТВО ГО ОТВОРА ПАТОТ КОН ОДРЖЛИВА ИДНИНА	
	Рударската индустрија се развива во насока на минимизирање на своето влијание и максимизирање на придобивките за луѓето и околината
	Заштита на нашата шивотна средина додека излегуваме во пресрет на растечката побарувачка во светот за т.н. „критични минерали“ во кои се вбројува и бакарот.
	Обезбедување стабилност и раст на својата економија, поголеми буџети за инвестиции во образованието, здравството, заштитата на животната средина

Заедно за почиста животна средина

Климатските промени го менуваат нашето секојдневие. Затоа, еколошкото образование и климатската писменост стануваат „новото нормално“ за нашите деца. Потребно е да се спроведуваат проекти за искуствено учење од најмала возраст, коишто ќе придонесат за еколошки едуцирани генерации, подготвени за акција.

Во геолошко-рударската и металуршката струка во нашето училиште веќе започнавме со две такви акции за промена на нашата свесност за заштитата на животната средина.

- Првата акција е за користење на новопоставените повратни „вендинг“ машини во нашиот град.

Акцијата претставува наградна игра која ќе трае до 1 мај 2024 година за најмногу постигнати поени на повратните вендинг машини, а наградата ќе биде доделена на самиот патронен празник. Акцијата започна пред неполн месец, при што се регистрираа повеќе ученици, а имаме изненадувачки резултати кај поедини ученици кои за многу кратко време собраа многу поени.

- Втората акција е учество на наши ученици на конкурс:



Од отпад до уметничко дело! TrashForArt 2024

Собирај амбалажен отпад, електронски отпад и батерии, направи уметничко дело и стани дел од иницијативата за почиста и поздрава средина на Пакомак.

Уметничко дело од отпад беше изработено од ученици од I 1 и класната Валентина Маневска во соработка со ученици од I 11 од билингвалната гимназија и нивната класна Валентина Богојовска.

Загадувањето е непосакуван резултат од стремежот на човекот за напредок. Поради него, сите сфери од природата - почвата, воздухот и водата се со нарушен квалитет

Промените за бавни,
но секоја промена ја започнуваме од нас самите

Соработка со Центарот за стручно образование и обука


Наставниците од геолошко-рударската и металуршката струка од СОУ „Таки Даскало“ – Битола, редовно учествуваат како надворешни соработници за стручна работа на Центарот за стручно образование и обука и се вклучени во повеќе проекти, а се вклучени и како изработувачи и рецензенти на стручни учебници.

Љупчо Поповски е избран за член во секторска комисија за геологија, рударство и металургија при Националната рамка на квалификации заедно со членови од Центарот за средно стручно образование.

Задачата на оваа комисија е да ги унифицира квалификациите на секој образовен профил, за истите да бидат препознатливи на пазарот на трудот и надвор од нашата држава, односно да се усогласат со европските стандарди за квалификации.


Градежно-геодетска струка

Проект СТАТИЧКА ПРЕСМЕТКА НА ОБЈЕКТ



Градежната струка постојано ги следи светските трендови во градежништвото и образованието и истите ги применува за постојан раст и развој на нашите идни техничари и инженери. Квалитетното образование е наша силна страна, а тоа подразбира имплементирање на учениците како активни учесници во образовниот процес.


Во 2023 и 2024 година учениците од III 7 паралелка под менторство на професорот Жанета Сиваков и ученикот-ментор Виктор Лозанов (градежен техничар), заедно со Јован Ристевски, своите стекнати знаења ги применија во изработка на идеен проект за станбен објект со комплетна статичка пресметка, димензионирање на конструктивните елементи од објектот и исцртување на арматурни детали со помош на најновите софтверски програми, RADIMPEX TOWER 8 и AutoCAD 2020. За визуелно претставување на конструктивниот систем учениците изработија и макета во која ги претставија поединечните конструктивни елементи и како тие се вклопуваат во една целина.



Со оваа и многу други активности (теоретски и практични) постепено ги приближуваме учениците до нивната идна професија, барајќи од нив учење, посветеност и принципиелност, со цел да се осамостојат во донесувањето на одлуки и преземање одговорности, бидејќи само така може да се постигне целта.

ЦИКЛОГРАМСКО ПЛАНИРАЊЕ – ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ИЗВЕДБА НА МЕЃУСЕБНО ЗАВИСНИ АКТИВНОСТИ (градежна струка)

Во рамките на предметот Нормирање и планирање со примена на ИКТ, учениците од IV година од градежната струка, под менторство на проф. Михаил Наумовски, ја истакнаа важноста на **циклограмското програмирање** во насока на еден современ и дигитализиран пристап кон целокуоното планирање на меѓусебно зависни активности во еден градежен процес. Имено, со користење на Microsoft Office – Excel пакетот, како една едноставна алатка, учениците научија како да ги моделираат зависностите помеѓу меѓусебно зависните активности, со посебен акцент на делот што се однесува на ПРЕСЕК (Прилог 1.) на активностите, којшто во реалност не може да се случи, токму поради меѓусебната зависност на истите. Со ова, учениците како градежни техничари, не само што ќе знаат да моделираат, туку ќе бидат способни за критичко и стручно размислување по однос на конкретниот проблем (истовремено изведување на две активности = ПРЕСЕК).



Циклограмско планирање на три темели самци




ПРОЕКТ „БАУХАУС” – АРХИТЕКТОНСКА СТРУКА

Овој училишен проект го реализираа архитектонски техничари од III и IV год., под менторство на проф. м-р. Билјана Исијанин (современа архитектура и уметност) и проф. Оливера Георгиевска (стручни предмети од архитектура).

За реализација на проектот е искористена една од старите училишни табли на која е пресликано дело од Пит Мондриан,три полупразни книги со дебели корици (обезбедени од Центар за современи јавни уметности Елементи), кои учениците ги редизајнираа во склоп на темата во облик на арт книги ,скулптура од картон и макета од Gropius House – семејната куќа на Валтер Гропиус, германско – американски архитект и основач на школата Баухаус во Вајмар, пионер на модерната архитектура.







Учениците подетално се запознаа со концептот на авангардната школа за уметност и архитектура Баухаус (1919-1933, Вајмар/ Десау), чија идеологија базира на практична работа во комбинација со разработена теорија, при што посебно внимание е посветено на односот професор – ученик, каде пасивната улога на ученикот како слушател е трансформирана во активен учесник во проектот. Во реализирањето на оваа поставка учениците истовремено истражуваа за создавањето на оваа школа, како и за нивните претставници во областа на архитектурата, сликарството, скулптурата и дизајнот. На тој начин предметот Современа архитектура и уметност и стручните предмети од областа на архитектурата ги поврзавме токму како што беше и една од идеите на оваа школа.







Своите знаења и вештини учениците ги стекнуваат во мешаната паралелка техничар за дизајн на облека/ техничар за изработка на облека.

Најдобро претставување на текстилните паралелки е преку слики од активностите во текот на целата учебна година.

КРЕАТИВЕН ДЕН
Ученик-дизајнер-модел

Нашите ученици заедно со локалните дизајнери дизајнираат облека за познати дами од градот. Моделите се прикажуваат на модна ревија пред поширока публика од нашиот град. Првата модна ревија беше на тема „Коктел фустан“, а втората модна ревија на тема „Црно-бело“.









МОДНА РЕВИЈА
„УБАВИ СМЕ, СВОИ СМЕ“

Организирана од здружението за помош и поддршка на лица со Даунов синдром „Вера“, Струмица, по повод 3 Декември - Меѓународниот ден на децата со попреченост. Учениците се претставија како дизајнери на модел што го носеше девојче со попреченост.





ЕВРОПСКИ ДЕН НА ВОЛНАТА

За заштита на волната како природно влакно и вистинско богатство за текстилната индустрија, формирана е Европската фондација за волна EWE foundation (https://www.ewe.network/) и 9 Април прогласен е за **Ден на волната**.

Од вкупно три досега организирани европски денови на волната во изминатите години, текстилната струка учествуваше на два со своја видео презентација од изработки од волна.

Прв пат учествувавме со on-line презентација во Мадрид, Шпанија, додека вториот пат со физичко присуство во Златибор, Србија. Презентациите можат да се погледнат на You Tube каналот:

https://www.youtube.com/watch?v=af_vZ_N-aTs
https://www.youtube.com/watch?v=LS-_FrDiF5Y






Тамара Ѓоргиевска IV 5, Ана Трајановска III 6
Анита Стефановска

Графичка струка

Печатениот збор останува, пренесува информации, зачувува спомени... Токму учениците од графичка струка, од сите наставни профили заедно со своите професори редовно се вклучуваат во разни активности со кои освен што го применуваат наученото од стручните предмети, придонесуваат и за успешно презентирање како на графичката струка, така и на училиштето во целост. Печатениот рекламен материјал, подготовката на училишните изданија, изложби и работилници се само мал дел од активностите во текот на целата учебна година, во и надвор од училиштето, ставајќи посебен акцент на соработката со локалната средина. Ваквите активности станаа препознатливи за нашата струка, а меѓусебната соработка придонесува за јакнење на тимскиот дух и прекрасна работна атмосфера.

УРБАНА АГЕНДА



Битола од секогаш важела за град на културата, со многу млади и креативни луѓе кои на различни начини создаваат и се изразуваат. Во рамките на проектот „Урбана агенда“ организиран од МКЦ-Битола, а поддржан од Швајцарската амбасада во Македонија беа организирани низа работилници за стрип. Целта на работилниците е да се промовира стрипот како урбана уметничка активност, културна придобивка и деветта уметност кај младите креативни луѓе. Се разговараше за потеклото и значењето на стрипот, структурата на стрипот како вербално-визуелен медиум како и неговата примена во секојдневието. Учесниците на работилниците имаа прилика и самите да изработат стрип, почнувајќи од развивање на идеја преку скица па сè до готово дело на хартија. Работилниците ги водеше Миле Атанасоски, наставник по графички дизајн, а активно учество зедоа учениците од прва, втора и трета година графичка струка. Како завршна активност на проектот планирана е заедничка изложба на стрип од младите уметници.



Надица Спировска I 4, графичка струка

ВО ЧЕСТ НА ЉУБОВТА И ВИНОТО



Традиционално продолжува соработката со НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола. Празнувајќи ја љубовта се продолжи со проектот „По допирот на љубовта секој станува поет“. Рачните изработки кои беа изработени со многу љубов, беа резултат од повеќето заеднички работилници на библиотеката и учениците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола, а со цел одбележување на празникот на љубовта и виното. Учениците од графичка струка работеа под менторство на Весна Мундишевска-Велјановска, а учениците од гимназиско образование под менторство на Љубица Мешкова Солак. Заедно со библиотекарот м-р Гордана Ѓоргиевска Неделковски се создадоа производи со кои се искажаа љубов, креативност и широка имагинација.



Мирослав Стојчески I 4, графичка струка



СЕКОЈА Е УБАВА

Сите се убави на свој начин и секој може да придонеси и да направи еден обичен час да биде посебен. На часовите по предметот „Рециклирање на графички материјали“ Симона Николоска од III 4 графичка струка, заедно со својот образовен асистент Ангела Петровска, практично ја прикажаа реупотребата на различни графички подлоги и материјали. На тој начин го споија наученото со хобито на Симона, цртање и дизајнирање облека. Целиот труд резултираше со мини-изложба на што сме особено горди, истакнувајќи дека кога се сака и инклузивното образование вродува со плод.



Ангела Петровска – образовен асистент



ЖЕНАТА КАКО ИНСПИРАЦИЈА

На 28 февруари 2024 г. во графичкиот кабинет во СОУ „Таки Даскало” беше реализирана работилница во соработка со ОУ „Д-р Трифун Пановски”, подрачно основно училиште од с.Трново. По повод Денот на жената се изработија цвеќиња од хартија-оригами, рачно илуструрани честитки, картички со бонбони со персонализирани обвивки, обележувачи за книги со свежо цвеќе доработени со пластифицирање и др. Во работилницата учествуваа ученици од прво до петто одделение под менторство на наставничките Марија Цветановска и Весна Талевска. Во подготовката на производите и реализацијата на работилницата учествуваа ученици од прва до четврта година од графичката струка под менторство на професорките: Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова, Катерина Спасовска-Маурдева и Валентина Ристевска.

Мартин Јаневски III 4, Теодора Цветковска III 4, графичка струка

СОРАБОТКА СО SFERA INTERNATIONAL

Графичката струка оствари соработка со Sfera International преку примена на техниката линорез и поставување на изложба на тема „Зајакнување на жените". Линорезите ги изработија ученици од I, III и IV година графичка струка под менторство на Снежана Паскова, наставник по графички стручни предмети. Изложбата беше поставена во април 2024 г. во просториите на Млади Хаб Битола. Иницијативата беше дел од проект за еднакви можности и поддршка за девојчињата и младите жени во нашата држава, кој го спроведува Националниот младински совет на Македонија и Stella Network, со финансиска поддршка од Британската амбасада во Скопје.

Јована Цветановска III 4, графичка струка







ШТО ГИ ПРАВИ БИЛИНГВАЛЦИТЕ ИЗВОНРЕДНИ И ПОСЕБНИ?

Учениците одговорија вака:

- Навлегуваме во сржта на знаењето;
- Истражуваме и реализираме;
- Имаме бројни активности и иницијативи во и надвор од училиштето;
- Секогаш сме во движење;
- Создаваме прекрасни спомени!

Погледнете дел од нашиот дневен ред :

Октомври:





✓ Билингвалната паралелка I 11 и Валентина Богојовска, професор по англиски јазик, реализираа серија работилници на тема “Food and food festivals”. Активностите беа реализирани во рамките на лекторската настава. Беа изработени десеттици постери, видео рецепти и интервјуа со готвачи на англиски јазик и презентирани од овие талентирани млади луѓе.

✓ Американското катче од Битола организираше прекрасен настан наречен “Discovering the U.S. through desserts” со д-р Лорејн Валас. Таа разговараше со билингвалците од I 11 за различните вкусови и десерти што се приготвуваат во САД. Им приготви неколку десерти во чии вкусови уживаа нашите ученици.



✓Учениците имаа работилница на тема "My perception of Halloween". Беа реализирани бројни активности што им овозможија да истражуваат и да се искажат во зависност од нивните интереси и таленти. Скицираа, снимаа видео содржини, гледаа документарен филм и читаа интересни факти за празникот.

Ноември:




✓ Американското катче Битола ги посети учениците од I 11 билингвална паралелка. Тие беа запознаени со работата на Американските катчиња, ресурсите, програмите и активностите. За време на посетата, покрај интерактивната сесија и дискусија, посетата продолжи и со забавни активности – играње друштвени игри!

Декември:

✓ 2023 ја крунисавме со прекрасен настан. Учениците од I 11 билингвална паралелка имаа огромна чест да бидат гости во Амбасадата на САД во Скопје. Заедно со професорките Валентина Богојовска и Марија Младеновска Димитровска разговараа со претставници од Амбасадата и се запознаа со нивните работни обврски. Им беа презентирани бројни образовани програми од Амбасадата на САД, за кои учениците покажаа огромен интерес. Понесоа прекрасни впечатоци од ова уникатно искуство, на задоволство на сите нас.







Јануари:

- ✓ УЖИВАВМЕ ВО ЗИМСКИОТ РАСПУСТ!

Февруари:

- ✓ По повод Месецот на Афроамериканската историја, Американското катче во Битола организираше проекција на филмот “Hidden Figures“. Проекцијата на филмот беше проследена со дискусија со учениците од билингвалната паралелка I 11. Дискутираа за тимот на математичарки, афроамериканки, кои одиграле клучна улога во вселенската програма на НАСА.



Март:

- ✓ Учениците реализираа серија презентации на тема “Earth in superlatives”. Активностите беа реализирани во рамките на лекторската настава. Младите истражувачи научија многу интересни факти од областа на географијата: најмала држава на светот, најголема пештера, најдолга река, најдлабоко езеро... и сето тоа на англиски јазик! Билингвалци во вистинска смисла на зборот!





- ✓ Во соработка со Ивана Ангелковска, координатор на Американското Катче Битола, паралелката I 11 ја проследи обуката за медиумска писменост. Преку интересни презентации, видеа, примери и практични вежби распоредени во 5 сесии на платформата ZOOM, учениците стекнаа вештини за вреднување информации и препознавање дезинформации и пропаганда.

Подготви: Валентина Богојовска, професор по англиски јазик и книжевност

КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ПИШУВАЊЕ НА КНИЖЕВНО-УМЕТНИЧКИ ТЕКСТ









Во рамките на лекторските часови во билингвалната паралелка IV 11 под менторство на проф. Наташа Котевска беше остварена креативна работилница за пишување на книжевно уметнички текст – поезија.

Учениците покажаа неверојатен сплет на креативност на само неколку дена пред Нова година. Заљубените поети преплавени со милозвучни стихови ткаеја сонети и хартиени снегулки инспирирани од најдобриот „Shall I compare thee...“, на кои и самиот Шекспир би им позавидел. Тие уште еднаш се докажаа како експерти во создавање на креативен амбиент, совладување на техники на пишување на англиски јазик и меѓусебна соработка.

Угостителско-туристичка струка

За нашата струка

Огромна чест и задоволство е да се пишува за нашата струка во годината кога го прославуваме овој важен јубилеј на нашето училиште, четириесет години од постоењето на СОУ „Таки Даскало“ – Битола.

Нашата струка, првата генерација ученици ја запиша во учебната 2015/2016 година, и од тогаш па сè до денес растиме и се развиваме како струка, заедно со нашите ученици и сите вработени во училиштето. Можи слободно да се пофалиме дека како струка од година во година сме сè поуспешни во промоција на струката, а со тоа бележиме и добри резултати при уписот на нови ученици.





Оваа година, за прв пат нашата струка со несебичен ангажман на директорот на нашето училиште, доби средства за реализација на наставата и практичните вежби. Секако ние не застануваме тука, напротив, тоа уште повеќе нè мотивира за осовременување и опремување на работниот простор – дел од тоа е веќе и реализирано, односно инсталиран е интернет и компјутер во кабинетот, исто така монтиран е и телевизор со што значително се олеснува и подобрува начинот на реализација на наставната програма и реализацијата на практичната работа со сите ученици од струката.





Како дел од заложбите на нашиот актив за опремување на кабинет за угостителско-туристичката струка, односно кујна по сите стандарди, започната е соработка со претставници од германската амбасада кои беа во посета на СОУ „Таки Даскало“ – Битола. Посетата беше реализирана на 11 март 2024 година, при што беше договорено комплетно опремување на училишна кујна за потребите на практичната настава на учениците од угостителско-туристичката струка, од сите години на образование.

Угостителско-туристичка струка

Бидејќи оваа учебна година имаме можност да ја користиме новата набавена опрема за нашата струка, преку фотографии ќе претставиме дел од работата на нашите ученици.









Се надеваме дека успеавме барем малку да ве запознаеме со нашата струка, кко и со дел од активностите кои ги реализираме во текот на годината, а најважно да ве запознаеме со нашите ученици и дел од нивните производи кои ги изработуваат за време на реализацијата на практичната настава.



За крај на нашето претставување да ги претставиме и годинешните матуранти, учениците од паралелката IV 7.

Лични услуги

ТЕХНИЧАР ЗА КОЗМЕТИЧКА НЕГА И УБАВИНА нуди можност младите да можат да ја истакнат својата имагинација и креативност на часовите по практична настава. Вештите раце на учениците и нивната полетна младешка енергија, се клучни алатки во постигнување успех.

Со завршување на образованието, на учениците им се овозможува вработување на пазарот на трудот или продолжување на образованието на сродни факултети. Амбицијата, посветеноста, знаењето и вештините на учениците кои ги поседуваат, ги надоградуваат со секоја завршена година на оваа струка, за на крај кога ќе се стекнат со диплома за завршено средно образование, вратите за вработување да им бидат широко отворени, кај компаниите со кои нашето училиште има соработка.

Четири години нудиме практична работа во козметички салони, кои се докажани на пазарот, со висок бренд и квалитет. Нудиме и теоретска настава која е збогатена со многу стручни предмети, кои се надополнуваат со практичната работа.

„Негувајте ја вашата надворешна убавина, а со тоа ја негувате и вашата внатрешна духовна убавина.“

- Ученичките од **втора година** од струката **техничар за козметичка нега и убавина**, нè потсетија дека треба да се зголеми свесноста за важноста на општествената одговорност кон лицата кои се сместени во старските домови.



Тие внесоа предновогодишна радост во Домот Софија, каде корисничките уживаа во маникир, педикир, масажа, фарбање и потстрижување.







- Ученичките од **трета година** од струката **техничар за козметичка нега и убавина**, оствариja посета на Високата медицинска школа, каде имаа прилика да видат и да демонстрираат масажни движења. Масажата е важен сегмент на нашата струка и се трудиме да биде што попрофесионално објаснета и пренесена до учениците.

- Како резултат на претходно потпишаниот меморандум за соработка, беше организирана посета на ученици од СОУ „Таки Даскало“ во средното медицинско училиште ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ во Битола. Нашите ученици од струката лични услуги заедно со учениците од III година од профилот фармацевтски техничар, изработија **гроздова маст за усни** и **маст за пети** по предметот Фармацевтска технологија.









- Професорите од струката техничар за козметичка нега и убавина организираа презентација кај средно-стручните и општите гимназиски образовни профили на тема **„Исхрана кај адолесценти“**. Преку взаемна соработка со угостителско-туристичката струка, беше организиран настан, каде беше одржана презентација на тема **„Улогата на мерките на претпазливост и хигиената во угостителството“**.

- Во рамките на програмата **Еразмус+** и програмата **BE Green (Биди зелен)** учениците од трета и четврта година на струката техничар за козметичка нега и убавина, остварија посета на реномираната компанија **Алкалоид АД Скопје** на одделот за козметика.

Под водство на искусните инженери – технолози, ученичките се запознаа со тестирањето на конзистентноста на козметичките производи, нивното производство, контролата на квалитет на производите. Исто така, ја посетија и производната линија на влажни марамчиња. Од посетата ученичките се вратија со длабоко врежани впечатоци.





Марија Китаноска Кочовски

Сообраќајна струка



Учество на Саем за вработување

Учениците од СОУ „Таки Даскало“ - Битола учествуваа на Саемот за вработување, практикантство и стипендии на Техничкиот факултет во Битола кој се одржа на 27.03.2024 год.







Европска недела на мобилност

По повод Европската недела на мобилност (EMW-European Mobility Week), кога во периодот 16-22 септември ширум светот се промовираат целите на одржливиот развој и алтернативните видови на превоз, учениците од сообраќајната струка гостуваа на дводневните манифестации (21 и 22 септември 2023 г.) во организација на УКЛО. Пораката беше: Сите заедно за поголема безбедност во сообраќајот и одржлива мобилност, како дел од широката кампања за формирање на здрави животни навики, чиста животна средина, побезбеден сообраќај и поддршка на алтернативните форми на мобилност кои позитивно влијаат на здравјето на секој жив организам и неговата животна околина.








Посета на СН Сообраќаен центар

Учениците од четврта година сообраќајна струка, профил техничар за патен сообраќај, под менторство на професорот по сообраќајни стручни предмети Драганчо Маркоски го посетија СН Сообраќајниот центар со цел стекнување на поголемо знаење и вештини од својата област.



Признанија/ Награди

ТРИ НАГРАДИ ЗА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „НАЈУСПЕШНИ БИТОЛЧАНИ ЗА 2023“

СОУ „Таки Даскало“ е добитник на три награди на манифестацијата на Битолски весник „Избираме најуспешни битолчани за 2023 година“. Во категоријата средни училишта наградата за најуспешно средно училиште во Битола ја доби СОУ „Таки Даскало“, додека за најуспешни во категоријата литература добитнички на признанија се нашите професорки Весна Мундишевска-Велјановска и Милица Димитријовска-Радевска.



Наградата за најуспешно училиште за 2023 година, СОУ „Таки Даскало“ ја доби за реализацијата на крупни инфраструктурни проекти, современа компјутерска и друга опрема, нагледни средства што придонесоа за осовременување и унапредување на условите за учење и работа, подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, како и за бројни проекти во кои зедоа учество голем број ученици и наставници. Наградата ја прими директорот на училиштето Ристо Грујовски.



Весна Мундишевска-Велјановска е наставник по графички стручни предмети. Член е на Друштвото на писателите на Македонија, на Македонското научно друштво– Битола и на Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“. Автор е на 13 книги поезија, 2 книги со критичко-есеистички текстови и коавтор на книга со песни за деца, а автор и коавтор е на 6 стручни книги и 3 учебници за средно образование. Нејзината поезија е преведена на повеќе странски јазици. Застапувана е во списанија и антологии во Романија, Германија, Србија, Италија, САД, Колумбија, Кина, Полска, Индија, Зимбабве, Холандија, Англија, Западен Бенгал, Обединети Арапски Емирати, Тајван, БиХ, Хрватска, Црна Гора и др. Уредник е на списанието за култура „Современи дијалози“, а била уредник и главен уредник на 40-тина поетски книги и зборници, како и на десетина списанија за книжевност и за современо воспитание, образование и наука. Амбасадор на мирот е во Универзалниот круг на амбасадори на мирот со седиште во Швајцарија и Франција. Добитник е на награди за необјавени книги поезија и критика, награди за преводи и за најдобра песна на меѓународни манифестации, награда за научно-образовен придонес и др. Добитник е на интернационалната награда за литература Sahitto - Гранд награда на жири-комисијата (Бангладеш, 2023), како и на меѓународната награда „Naji Naaman“ за креативност (Либан, 2023) и почесната титула член на „Maison Naaman pour la Culture“ (Либан, 2023).



Милица Димитријовска-Радевска, е професор по македонски јазик и литература. Член е на Друштвото на писатели на Македонија и на Македонското научно друштво од Битола. Била член на претседателството на Друштвото на писатели на Македонија во мандатот од 2019 до 2022 и претседател на клубот на жени писателки „Даница Ручигај“ во истиот период. Радевска има објавено голем број на творби и критички осврти во литературни списанија, билтени и алманаси во нашата држава, како и во Романија, Босна и Херцеговина и др. Нејзината поезија е преведена на српски, англиски и романски јазик. Автор е на 7 стихозбирки: „Обидници“, „Лечебница“, „Поетски дијалог“ (во коавторство со Весна Мундишевска-Велјановска), „Воздишки на ветрот“, „Лузни на зборот“, „Сам во пределите на сонот“ и „Две Д“. Издала и наставно помагало ,,Јазикот и графиката“ во коавторство со Мундишевска. Учествувала на повеќе книжевни манифестации и научни средби од областа на литературата и воспитно-педагошката дејност. Свои критички огледи, записи, рецензии напишала за повеќе современи македонски автори: Во изминатава година пред битолската читателска публика ги претстави реномираните македонски писатели Раде Силјан и Блаже Минески. Исто така учествуваше на научниот собир посветен на творештво на Владимир Костов, во организација на Македонското научно друштво. Ја претстави и последна поетска книга „Утеха“ на Панде Манојлов. Добитник е на наградата од Битолскиот книжевен круг, во рамките на манифестацијата Битолски книжевни пametења, во категорија поезија за 2023 година.

Марија Младеновска-Димитровска

Награди за ученици од графичката струка

На 21 септември 2023 г., по повод Меѓународниот ден на мирот, во хотелот „Милениум“, се одржа навистина инспиративен настан организиран од Ротари клубот Битола Широк Сокак, Јавен адвертајзинг едукација, АД „Киро Дандаро“, со цел одбележување на Меѓународниот ден на мирот на тема: „Да изградиме мир во дигиталниот свет“.



На настанот беа доделени многубројни вредносни ваучери, меѓу кои и на двајца ученици од четврта година од графичката струка од СОУ „Таки Даскало“ - Битола. Стефан Јоновски, талентиран ученик од IV 4 паралелка од графичката струка, графички уредник-дизајнер, доби стипендија за изучување на Академијата за графички и UX/UI дизајн. Оваа стипендија ќе отвори нови хоризонти за Стефан и ќе обезбеди можност за раст и учење во областа на дизајнот.

Награда доби и талентираната ученичка од IV 4 паралелка од графичката струка, графички уредник-дизајнер, Моника Балева, која исто е и студентка од Академијата за графички и UX/UI дизајн на Јавен адвертајзинг едукација, која доби можност за практична работа во АД „Киро Дандаро“.

Марија Младеновска-Димитровска



59 Државен натпревар на младите техничари и природници на Македонија



На 59 Државен натпревар на младите техничари и природници на Македонија – Наука на млади во организација на Народна Техника на Македонија, кој се одржа во ССОУ „Коле Неделковски” – Велес на 13. 05. 2023 година, ученичката Ана Ацевска од билингвалната паралелка III 12, го освои првото место во областа Иновации, под менторство на професор Валентина Ацевска.

Натпревар по физика

На регионалниот натпревар по физика кој се одржа во Ресен на 06. 04. 2024 година, ученичката Аурора Де Ангелис од паралелката I 10, гимназиско образование, освои III награда, додека на државниот натпревар по физика кој се одржа во Скопје освои пофалница. Ментор на ученичката беше Татјана Црнец, наставник по физика.

Натпревари по математика

На 02.02.2024 год. се одржа **Општинскиот натпревар** по математика на кој учествуваа ученици од гимназиско и стручно образование, а успех постигнаа:

- I година, гимназиско образование:
  - Аурора Де Ангелис – пофалница, ментор проф. Васка Шалевска
  - Чагорска Анастасија – пофалница, ментор проф. Валентина Ацевска
  - Чагорска Ева – пофалница, ментор проф. Валентина Ацевска
- III година, гимназиско образование:
  - Ана Ацевска – I место, ментор проф. Анета Димовска



На 02.03.2024 год. се одржа 47-от **Регионален натпревар** по математика за учениците од средно образование на кој под менторство на професор Анета Димовска учествуваше Ана Ацевска ученичка во III година, гимназиско образование која освои трето место и се стекна со право да учествува на **Државниот натпревар** по математика. Аурора Де Ангелис – ученичка во I година, гимназиско образование под менторство на професор Васка Шалевска освои пофалница, а Анастасија Чагорска и Ева Чагорска ученички во I година, гимназиско образование под менторство на професор Валентина Ацевска успешно се претставија на натпреварот. Им посакуваме уште поголем успех во иднина, а на Ана ѝ посакуваме успех на државниот натпревар по математика.







Наградени ученици од геолошко-рударска и металуршка струка



Попчановски Никола, ученик во I 1 геолошко-рударска и металуршка струка има освоено повеќе од 20 награди за прво, второ и трето место во категорија на хип хоп и street dance во државата и надвор од неа. На 10.12.2023 г. во Суботица освои I награда за hip hop и II награда за street dance, како и I награда за street dance во Куманово на 09.03.2024 г.



Абдурахман Мемедов, ученик во I 1 година геолошко-рударска и металуршка струка, освои II награда во категорија средни училишта на ноќната трка по повод денот на ослободувањето на Битола 4-ти Ноември.



Награди во стрелаштво

Многубројни успеси во различни области на Теодора Христова, ученичка во втора година, графичка струка. Како последни од низата би ги издвоиле:

- прво место на општинскиот натпревар во стрелаштво,
- прво место на државно првенство во стрелаштво за средни училишта,
- прогласување на **млад спортист на годината** од Здружението за спорт и млади – Битола.

Награди за стрип

Теодора Христова и Михаела Васкоска од II 4, графичка струка, графички уредник-дизајнер, освоија трето место на наградниот конкурс за стрип организиран од Стрип центар на Македонија – Велес, во рамките на проектот со наслов „All we are saying is GIVE INCLUSION A CHANCE!“. Ученичките работеа под менторство на Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети.

НАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР НА НАЈДОБРИ УЧЕНИЧКИ КОМПАНИИ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023

Ние сме тимот на ученичката компанија „Флоратирал“ од СОУ Таки Даскало од Битола, кои се пласиравме на Националниот натпревар за најдобри ученички компании:



1. Петар Илиевски, Истражување и развој
2. Александар Јовановски, Маркетинг
3. Ана Ацевска, Човечки ресурси
4. Христијан Мечкаров, Производство
5. Горазд Димовски, Продажба (генерален менаџер/извршен директор)

Ментор-наставник: Валентина Ацевска

Се сретнавме со предизвикот како да ѝ дадеме втор живот на старата облека и да смислиме ефективни решенија за реупотреба на текстилот.Решивме да делуваме локално во нашиот град со тоа што ќе собираме старата облека и ќе ја рекреираме во нова модерна облека. Текстилот не само што може да се користи еднаш или два пати, туку има многу животи затоа нашата компанија вклучува елементи од моделот на циркуларна економија, и се залага за нула отпад. Го поминавме патот од идеја до реализација, водејќи ја сопствената компанија со реални производи, а при тоа се стекнавме со претприемачки вештини и писменост. Голема благодарност до професорките Анита Стефановска, Живка Ицановска, Ема Ќука и ученичките од текстилниот смер, кои ни помогнаа нашите идеи да се реализираат и да дојдиме до реални производи, кои ги понудивме на пазарот. Благодарност и до професорката Весна Мундишевска-Велјановска за помошта при креацијата на логото и маичките.





Ана Ацевска, Горазд Димовски, Александар Јовановски, Петар Илиевски, и Христијан Мечкаров III 12, гимназиско образование
Ментор: Валентина Ацевска

Награда за најдобар спортист

Јована Петровска, ученичка во I 11 билингвална паралелка, капитен на младинската екипа на ЖФК Атлетико Битола, е прогласена за најдобар младински спортист во 2023 година од страна на Сојузот на спортови на Битола .

Горди сме на тебе Јована!





Признание за соработка





Ученици од I 11 билингвална паралелка 20.12.2023 г. го посетија настанот насловен "Innovate, Create, Celebrate: 20 Years of American Corner Bitola" со кој се одбележаа 2 децении работа на Американското Катче. Преку обраќањето на Ивана Ангелковска се потсетивме на бројни проекти, иницијативи и забележителните успеси на Американското Катче што истото го прават значаен дел од нашата заедница.

Во оваа свечена прилика на Валентина Богојовска, професор по англиски јазик во нашето училиште, ѝ беше доделено признание за долгогодишната плодна соработка со Американското Катче од Битола.



Награда на регионалниот натпревар по сообраќај

Ученичката Емилија Поповска од трета година сообраќајна струка, профил техничар за патен сообраќај, под менторство на професорката по сообраќајни стручни предмети Гордана Кожуваровска, го освои првото место на Регионалниот натпревар по сообраќај, кој се одржа во Прилеп на 04. 04. 2024 година.

Учество на државниот натпревар за електротехничките, машинските и сообраќајните средни стручни училишта

Сообраќајната струка учествуваше на 41-от Државен натпревар за електротехничките, машинските и сообраќајните средни стручни училишта од нашата држава, кој се одржа на 16 и 17 мај 2023 година во Богданци.

СОУ „Таки Даскало“ – Битола го претставуваа ученичките од трета година сообраќајна струка: Емилија Поповска, техничар за патен сообраќај под менторство на Гордана Кожуваровска, наставник по сообраќајни стручни предмети, и ученичката Зорица Торневска, техничар за транспорт и шпедиција, под менторство на Ангела Николовска, наставник по сообраќајни стручни предмети. На натпреварот ученичката Емилија Поповска го освои третото место.



Еко ТД



Уредувањето на училишниот двор ја зголемува еколошката свест и поттикнува зголемување на мотивираноста за негово одржување

По Еко-стандард IV: „Уреден и еколошки двор“ се реализираа еко-активности на 08 и 13 март 2024 г. во училишниот двор на СОУ „Таки Даскало“. Организатор и реализатор на активностите беше Петар Ѓоргиевски, наставник по градежни стручни предмети, со учениците од градежно-геодетска струка. Главна цел на активностите е: уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина преку чистење на тревникот од суви лисја и друг органски отпад. Површината на предниот двор беше детално изгреблана, а отпадот соодветно депониран до блиските контејнери. Оваа активност е воведна, а во иднина ќе бидат преземени активности за додатно хортикултурно уредување.

ЕКОЛОШКИ ЕДУЦИРАНИ ГЕНЕРАЦИИ – „ПРОЕКТ ЗА ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ“

Високи температури во пролет, изгор лета, бури со силни електрични празнења, поплави, суши – климатските промени го менуваат нашето секојдневие. Затоа, еколошкото образование и климатската писменост стануваат „новото нормално“ за нашите деца. Експерти бараат промени во нашиот образовен систем, и во содржините и во пристапот. Со меѓународна поддршка веќе се спроведуваат проекти за искуствено учење од најмала возраст. Од БРО велат дека со новата концепција веќе се изготвени нови наставни програми коишто ќе придонесат за еколошки едуцирани генерации, подготвени за акција.

Оваа акција се проширува и во средното образование со проект помеѓу ЦСОО и УНИЦЕФ за период од декември 2023 до јули 2024 год. Во проектот ќе бидат вклучени активности за изработка на програми за содржини програмирани од училиштето за развивање на поголема свесност за загадувањето на животната средина.

Како надворешни соработници за стручна работа на Центарот за стручно образование и обука, од нашето училиште се вклучени тројца наставници во тимови за изработката на наставните програми, во кои земаат учество експерти од соодветната струка, експерти од областа на животна средина и стручни советници од Центарот за стручно образование и обука. Валентина Маневска е вклучена во тимот за секторот **геологија, рударство и металургија**, додека м-р Николче Јоновски и Миле Атанасоски за секторот **графичарство**.



Предавање „ЕКОЛОГИЈАТА И НИЕ“

Професорката Marina Ostović од III Гимназија, Загреб, Хрватска во склоп на Еразмус акредитација (job shadowing) и СОУ „Таки Даскало“, одржаа низа активности. Покрај другите активности, на 27 април 2023 година се одржа предавање на тема „Екологијата и ние“ под менторство на д-р Флорида Кулевска, д-р Валентина Николовска, директорот Ристо Грујовски, помошниците директори Добре Босилковски и Даниела Митревска, психологот Славица Наумовска и учениците Емилија Крстевска IV 11, Ева Ѓоргиевска IV 11, Александар Јовановски II 12 и Анастасија Огненова II 12. Од целокупната активност произлегоа нови идеи за соработка во областа на екологијата помеѓу двете средни училишта во иднина.



Флорида Кулевска

Литературен клуб

На ден 30.10.2023 година во НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола се одржа 18-тата „Роднокрајна средба со битолските писатели“ на која присуствуваа писателите: Добре Тодоровски, Златко Жоглев, Даниела Андоновска-Трајковска, Весна Мундишевска-Велјановска, Кире Неделковски, Мирјана Стојановска, Зоран Пејковски, Петре Димовски, Биљана Димко, Ванде Ганчевски, Сања Видановска-Мучкајева, Светлана Папачек и Илче Стојановски. Средбата беше од отворен карактер. Покрај битолските писатели присуствуваа и ученици од СОУ „Таки Даскало“ кои на писателите им поставија низа прашања, а прочитаа и свои поетски творби.



Одговорен наставник: Николина Поповска,
наставник по Македонски јазик и литература

Патопис

ЕМИЛИЈА РОМАЊА – ВИСТИНСКО ЗАДОВОЛСТВО ЗА СИТЕ СЕТИЛА

Во срцето на регионот Емилија Романја во Италија, Римини се издига како културен град на сонцето. Престојот од десет денови заедно со моите родители, беше едно магично искуство што ќе го паметам секогаш.


Римини, со своите тесни улички исполнети со историја и архитектура, ни овозможи да ги истражиме тајните на ова гратче. Од древните римски остатоци, до живописните плоштади и локали, и позитивните и секогаш насмеани луѓе со најтопла душа, Римини секогаш ги пречекува своите посетители со нешто што ги води назад во времето.



Ги истражувавме и најживописните делови од регионот, ги посетивме градовите Модена, Болоња, Равена, Песаро, Анкона, како и прекрасната држава во држава, Сан Марино. Секој од овие градови ни претстави уникатни аспекти од културата, традицијата и гостопримството на овој регион:

- Модена – дом на вкусното балсамико и величествената катедрала, нè привлече со својата автентичност и вкусна кујна. Шетајќи низ Моденските улички, се запознавме со неговата богата историја и уживавме во вкусните италијански специјалитети.
- Болоња – градот на научните иновации и богатото културно наследство, нè фасцинираше со своите древни универзитетски комплекси и изобилството на музеи. Не можевме да ја пропуштиме вкусната Болоњезе паста со нејзиниот вкус на сочни домашни домати и изобилство на свеж босилек.
- Равена – со своите византиски базилики и мозаици, нè однесе на патување низ времето на величествената византиска империја. Посетата на црквите и базиликите од тој период беше вистинско искуство.
- Песаро – прекрасниот пристанишен град кој направи да уживаме во магијата на Јадранското Море и во неговата автентична атмосфера. Шетајќи покрај брегот и уживајќи во сончевите зраци, се импресиониравме од неговата природна убавина.
- Анкона – погледите од височините на градот нè освежија со својата совршена комбинација на море и планина. Шетајќи низ стариот дел на градот и уживајќи во прекрасните пејзажи, се запознавме со неговата автентична култура.

Врвот на ова мое патување, беше концертот на мојот омилен пејач од детството, Хери Стајлс, во градот Реџо Емилиа. Со воодушевување присуствувавме, заедно со 120 000 други обожаватели од целиот свет. Арената Камповоло, се претвори во бајка за ова музичко искуство, каде што го слушнавме Хери како ја завршува својата турнеја со вистинска емоција и стил. Со незаборавна енергија, се вративме во Римини, пренесени од магијата на моментот, но секако и изморени од денот исполнет со емоции. Утрината, кога се заврши сонот и се отвори очите, пристигнавме назад во Римини со утринскиот воз, а плажата нè дочека, давајќи ни момент на мирување и размислување. Во секој момент на нашето патување низ Емилија Романја, останавме воодушевени од искуствата, впечатоците и знаења што ги видовме и почувствувавме. Тоа беше едно искуство што ни ги отвори очите кон нови култури, вкусови и погледи. Завршувајќи го ова патување, оваа авантура, го однесовме со себе и сеќавањето на незаборавните спомени кои ќе ни останат вечно во срцата.



Нина Велиновска II 4, графичка струка
Одговорен наставник: Николина Поповска

Медиумски клуб

Медиумскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“ дел од настанот за промоција на Младинската платформа во Пелагонискиот регион



Учениците од Медиумскиот клуб на СОУ „Таки Даскало", имаа ретка можност да бидат дел од настанот во организација на Про локал, на кој беше промовирана имплементацијата на Првата регионална младинска платформа во Пелагонискиот регион, во рамките на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија", на кој присуствуваа градоначалници и заменици-градоначалници од деветте општини од Пелагонискиот регион, како и заменик-амбасадорот на Кралството Холандија, Н.Е. Роберт Декер, претставници од невладиниот сектор од Пелагонискиот регион, како и младите од регионот. Тие имаа можност да направат поткасти и интервјуа со градоначалниците, со заменик-амбасадорот на Кралството Холандија и со претставници од невладиниот сектор. Со амбасадорот на Кралството Норвешка, Н.Е. Роберт Декер, интервју на англиски јазик направи Христијан Мечкаров, III 12 паралелка, гимназија, со градоначалникот на Општина Битола интервју направи Антонио Трајковски од паралелката I 11, гимназиско образование, Ева Чагорска од истата





паралелка направи интервју со градоначалникот на Општина Могила, Драганчо Саботковски, Александар Јовановски од III 12 со претседателот на Здружението на млади „Урбано гнездо“, Стеве Јанчески и Сара Муратовска од III 12 со Марија Ташкова од Младински совет Прилеп.

На заменик-амбасадорот Н.Е Роберт Декер, од страна на СОУ „Таки Даскало", му беше приредено мало изненадување, односно му беше подарена негова фотографија која беше изработена во една ретка графичка техника со пренос (трансфер) на фотографија на дрво, која ја изработи Валентина Ристеска, наставник по графички стручни предмети, како и вез од традиционален костим од битолскиот крај, кој го изработи Живка Танушева-Ицановска, наставник по текстилни стручни предмети.

Александар Јовановски III 12, Христијан Мечкаров III 12, гимназиско образование

Медиумски клуб ТД

ОСНОВАН МЕДИУМСКИ КЛУБ „ТАКИ ДАСКАЛО“

Во рамките на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат", професорката Марија Младеновска-Димитровска поднесе апликација на јавниот повик, и СОУ „Таки Даскало" – Битола е избрано меѓу десетте средни училишта од Македонија кои ќе бидат поддржани за основање на медиумски клуб. За таа цел се одржа обука во Скопје за основање на медиумски клубови во основните и средните училишта во Македонија. Целта на формирањето на новинарскиот клуб е едукација на учениците во рамки на воннаставните активности преку изготвена програма за медиумска писменост, за новинарството како професија, новинарските жанрови, за проверка на информациите, препознавање на дезинформации, малинформации, како и за едуцирање на учениците за креирање на медиумски содржини за различни медиумски платформи кои ќе обработуваат теми поврзани со образовниот процес и училишните активности.



– Особено ме радува што преку проектот „Младите размислуваат“ се актуелизира развивањето на вештините за критички пристап кон информациите и за медиумската писменост кај младите и што нашето училиште е дел од овој проект кој го спроведува УСАИД, МОН, БРО, ИРЕКС, МИМ, ИКС, МОФ. Нашето училиште аплицираше на јавниот повик и е избрано за основање на Новинарски клуб. Услов при аплицирањето беше наставникот да има претходно релевантно искуство во областа на новинарството, медиумите и медиумската писменост. Наставниците координатори поминавме и обука, а спроведувањето на активностите ќе биде според изготвена програма во рамките на воннаставните активности во училиштата и под менторство на искусни обучувачи ментори. Се надевам дека преку овие новинарски клубови во училиштата ќе се поттикнат младите да се вклучат во новинарството и да ги развиеме кај нив вештините да креираат медиумски производи и да навлезат во тајните на новинарството – истакна Марија Младеновска-Димитровска, координатор на Медиумскиот клуб „Таки Даскало“.

Ева Чагорска I 11, гимназиско образование



ПОСЕТА НА ТВ ТЕРА

Учениците од Медиумскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, заедно со одговорниот наставник за клубот и координатор на проектот „Младите размислуваат“, Марија Младеновска-Димитровска, беа во посета на Телевизија Тера, каде што од страна на главниот и одговорен уредник Стево Башуровски, се запознаа со комплетниот процес на продукција на вестите на телевизијата, со работата и поставеноста на професионална новинарска редакција, со улогата и значењето на новинарската професија, професионалните новинарски стандарди, со значењето на медиумската писменост и како да знаат да проценат и разликуваат вистинити, точни и проверени информации, од дезинформации и малинформации, особено на социјалните мрежи и медиуми.

Александар Јовановски III 12, гимназиско образование

Медиумски клуб ТД

УСПЕШНО ИСТРЧАН НОВИНАРСКИОТ СПРИНТ

СОУ „Таки Даскало“ – Битола е дел од проектот „Новинарски спринтови", кој го организира Институтот за комуникациски студии и ИРЕКС, во рамките на проектот за медиумска писменост на УСАИД „Младите размислуваат“.

Во нашето училиште беше организирана работилница медиумска лабораторија, која ја одржа познатата новинарка на МТВ, Катерина Топалова, на која зедоа учество ученици од Медиумскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“, кои се едуцираа и дискутираа како да препознаат дезинформации, мисинформации и малинформации, како да ги препознаат и да се заштитат.



Учениците анализираа медиумски содржини и дискутираа што би објавувале кога би биле новинари, но учеа и како да направат вест, користејќи ги петте новинарски прашања.



Учениците, под менторство на професорките Марија Младеновска-Димитровска и Јулијана Јосифовска, кои се координатори на проектот „Новинарски спринтови“, изготвуваа и медиумски производ (вест, видео сторија, поткаст, мултимедијален производ), со кој се натпреваруваа во изборот за најдобар медиумски продукт. Ученикот Александар Јовановски од III 12 паралелка, гимназија, кој изготви синопсис, под менторство на проф. Марија Младеновска-Димитровска, е избран меѓу седумминатa средношколци од нашата држава чии медиумски производи ќе бидат наградени со едномесечна платена пракса во национални или локални медиуми, каде практикантите ќе работат под менторство на професионални новинари и ќе учат како се продуцираат вести и како се работи во новинарска редакција.

Сара Муратовска III 12, гимназиско образование

АКТИВНОСТИ НА МЕДИУМСКИОТ КЛУБ



Медиумскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“ – Битола редовно одржува средби на кои членовите на клубот, под менторство на професорката Марија Младеновска-Димитровска, учат кои се предизвиците на новинарството во новото дигитално време, како е да се биде новинар во ера на дигитализација, за дигиталните медиуми, за алгоритмот како уредник на новата ера, за вештачката интелигенција, како да се запазат новинарските, да креираат медиумски производи за различни медиумски платформи, како да изготват новинарски продукти согласно новинарските стандарди. Членовите на клубот се брендираа со изготвување на свое лого, плакати и банери, кои ги дизајнира Благица Наумовска, ученичка во III 4 паралелка, графичка струка, под менторство на Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети, додека под менторство на координаторот на клубот Марија Младеновска-Димитровска и Христиан Петковиќ, наставник по музичка уметност, изработија и промотивно видео.

Анастасија Огненовска III 12, гимназиско образование




Библиотека на СОУ „Таки Даскало“ – Битола

„Кажи ми што читаш па ќе ти кажам кој си“
(François Mauriac)

Бегството низ полиците на нашата библиотеката започнува уште во далечната 1977 година кога е заведена првата книга. На 27.01.1984 год. со трансформација – здружување на гимназијата „Браќа Миладиновци“ и Училиште за занимање на ученици во стопанство „Кочо Рацин“ – Битола, библиотеката го добила денешниот изглед.

Најстарата книга во библиотеката е „Француска читанка“ од д-р Јулие Адамовиќ, издадена во Загреб, 1930 год.



Училишната библиотека во рамките на своето работење ги врши следните дејности: набавува, заведува, чува, реставрира, заштитува и дава на користење библиотечен материјал.

За учениците и наставниот кадар вклучен во воспитно-образовниот процес, училишната библиотека при СОУ „Таки Даскало“ – Битола располага со: лектирни изданија, учебници, енциклопедии, списанија и лексикони, кои им се лесно достапни, под раководство на библиотекарката Мирјана Наумовска.

Библиотечниот материјал има главна книга, а книгите се сместени на рафтови, селектирани по сигнатура, инвентарен број и формат.

Училишната библиотека е на располагање секој работен ден од 08:00 до 19:00 часот и ги задоволува потребите на учениците и наставниците од сите сфери на интереси: уметничка и стручна литература.

ПРЕГЛЕД НА БРОЈНА СОСТОЈБА НА КНИГИ ВО БИБЛИОТЕКАТА

Стручна литература:
вкупно 3238 наслови/ вкупно 5547 книги
Уметничка литература:
вкупно 7060 наслови/ вкупно 21956 книги

Вкупен број на наслови:	**10298**
Вкупен број на книги:	**27342**

Библиотеката располага и со учебници за гимназиско и стручно образование.

Во рамките на училишната библиотека волонтира и библиотекарската секција која има задача во работењето на библиотеката во која се одвиваат литературни читања, креативни работилници, литературни конкурси, книжевни средби со современи македонски писатели, организира посети на библиотеки и други институции, посета на Саемот на книгата, реставрирање на учебници и книги (во соработка со графичката струка) и сл.



Учениците имаат можност да читаат книги, да истражуваат, со што го прошируваат своето знаење во различни области

Воедно, библиотекарот активно учествува во организирање и реализирање на културни настани во училиштето.

Ако се разлистаат книгите, почнувајќи од најстарите изданија со избледен печат па сè до денешните печатени изданија, се забележува целиот историски развој на нашето училиште СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – Битола.

Работејќи низ полиците на библиотеката се набројуваат повеќе библиотекари од самите почетоци на библиотеката па сè до денес, а тоа се: Весела Христовска, Марга Цокинска, Тони Соклевски, Владо Ѓоргиевски, Мирјана Наумовска и Ленче Х. Георгиева.

Бегството секогаш завршува низ полиците на библиотеките, каде треба да се создаваат трајни навики за читање, истражување и самостојна работа.

Мирјана Наумовска, библиотекар
Симона Ристевска II 4, графичка струка

Волонтерски клуб



Волонтирањето е животна филозофија, начин на мислење и однесување на младите и возрасните, тоа е ненасилен револуционерен процес во кој ги менуваме сопствените навики, вредности, култура на однесувања и придонесуваме за менување на сопственото блиско и пошироко опкружување. Волонтерите се личности кои сакаат да учат, работат со љубов, волја, интерес, за волонтерот платата не е најважна работа и тие се свесни дека е подобро да имаш искуство отколку само образование, тие се личности кои инвестираат во себе и во својата иднина.

➦ Во периодот од 23-25 мај 2023 год. членовите на волонтерскиот клуб „Тереза Фердинанди Литовска“ при СОУ „Таки Даскало“ – Битола, во соработка со Младинскиот културен центар – Битола како граѓанска организација, ја реализираа волонтерската акција „Опстанок“. Во акцијата беа вклучени 50 волонтери од редовите на волонтерскиот клуб на училиштето, вработените во училиштето и претставници од граѓанскиот сектор во Битола. Основна цел на проектот „Опстанок“ беше да се обнови зеленилото и да се обезбедат услови за зачувување на истото во училишниот двор. За време на акцијата се засадија садници и се постави систем за наводнување „капка по капка“ како би обезбедиле услови за одржување на зеленилото во летниот период. Како дел од акцијата „Опстанок“ волонтерите ги разубавија жардинериите во дворот со исцртување и обојување и покажаа дека доколку цветовите се уништат цртежите ќе опстанат.







Проектот „Опстанок“ претставуваше дел од проектот „Време е за волонтирање“ кој е поддржан во рамките на „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија.





➦ Во периодот од 30 јануари до јуни 2023 г. со цел за Јакнење на свеста за грижа за планетата Земја, волонтерскиот клуб во соработка со Пакомак – Скопје и Екопак – Битола ја реализираше акцијата „ Капачиња за шишиња – за посреќно детство“. Во ноември 2023 г. донирани се 13.5 kg капачиња. Акцијата продолжува. Градиме култура на однесување кон неуништливата пластика.



➦ Во периодот од 23-30.10.2023 г. во соработка со Ротари клуб Битола Широк сокак организирана е хуманитарна акција по повод светскиот ден за борба против сиромаштијата. Во акцијата свој придонес дадоа учениците од паралелките III 3 и IV 9.





➦ Кога започна летниот распуст, во периодот од 19 до 23 јуни 2023 г. волонтерите го осмислија своето слободно време на креативен начин. Во соработка со Локален волонтерски сервис – Битола МКЦ-Битола, во рамките на акцијата „Омразата на битолските ѕидови“, беа прекриени графити со негативна содржина на дел од ѕидовите од блок А.



➦ Во периодот од 22-25.09.2023 г. во рамките на активностите на Фестивалот „Браќа Манаки“, 15 волонтери од I до IV год. имаа можност да се запознаат со тајните на кинематографијата низ работилници под наслов „Наследниците на Манаки“.

➦ Во периодот од 28-30.09.2023 г. во Струга се одржа семинар „Од учење во училница до грижа за заедницата“ во организација на LEAD со цел за проширување на знаењата кај учесниците за изработка и фази на реализација на проектите во кои имаме примена на теоретските знаења во практиката.

➦ Во период од три месеци реализирани беа: работилница давање на идеи, креативни решенија за изгледот на ѕидовите, работилници за отстранување на стар малтер, грубо малтарење, фино малтарење, нанесување на подлога, скицирање, цртање, финализирање на цртежи и организиран завршен настан со доделување на сертификати за сите учесници во проектот „Љубов наспроти омраза“.





➦ Во периодот октомври-ноември 2023 г., во соработка МКЦ-Битола, продолживме со акцијата „Омразата на битолските ѕидови“. Се надеваме дека ѕидовите на нашето училиште во иднина ќе бидат израз на меѓусебна почит и љубов.







➦ Учениците од СОУ „Таки Даскало“ на 05.12.2023 год. го посетија Саемот на волонтерство во организација на Американското катче-Битола и Општина Битола.

➦ Волонтерите од нашето училиште не мируваат. Од 26-29.02.2024 г. организираа работилници за изработка на мартинки и на 01.03.2024 г. организираа хуманитарен настан под мотото „Мартинка за среќа за Леонид“.







Волонтерските акции се реализираа во координација на одговорниот наставник за Волонтерскиот клуб Мирјана Гичевска со вработените и учениците од гимназиско и стручно образование.

Ева Чагорска I 11, гимназиско образование
Теона Бошковска II 9, лични услуги

Во декември 2023, билингвалците од I 11 паралелка со класниот раководител Валентина Богојовска го посетија Саемот за волонтеризам организиран по седми пат од Американското Катче Битола. На овој саем, со кој се одбележува Меѓународниот ден на волонтеризмот, нашите ученици собраа многу информации во врска со активностите на голем број здруженија и невладини организации, како и за можностите што им се нудат за волонтирање.






Анастасија Чагорска I 11, гимназиско образование

Креативни и надвор од ТД




Ние сме ученици од I 11, билингвална паралелка: **Давид Богдановски, Давид Грујовски, Андреј Јошев, Теодор Георгиевски, Димитар Чалевски, Симона Макриевска** и **Јована Петровска**. Нашето хоби е скијање. Скијањето нè опушта, нè прави да ги заборавиме сите грижи и проблеми. Од мала возраст се заљубивме во скијањето, тоа е љубов која ќе трае до крајот на нашите животи.



Илина Автаровска, I г., билингвална паралелка: Моето хоби е фолклорот. Уште од мала сум член на играорна група. Фолклорните танци ми предизвикуваат прекрасни чувства и ме исполнуваат со среќа. Уште поважно, дел сум од стремеж да ја зачуваме нашата традиција и народните носии кои се стари повеќе од 100 години.





Виктор Лозанов, III г., градежно-геодетска струка: Роден сум во Битола, а живеам во с. Белче, Демир Хисар. Растејќи, секогаш бев љубопитен и сакав да научам нови работи поврзани со математиката и науката, но сè уште не бев одлучен како ќе го продолжам образованието.Во основно училиште ја открив мојата страст за наука и математика што ме наведе да sчам за градежен инженер во средното училиште „Таки Даскало“ во Битола. Вклучен сум во различни ученички проекти и работам во сопствена градежно-занаетчиска фирма. По средното образование планирам да дипломирам за градежен инженер и да продолжам со работа како статичар за објекти од високоградба. Уживам во планинарење, велосипедизам и бодибилдинг. Гледајќи напред, се надевам дека ќе продолжам да се развивам и лично и професионално. Возбуден сум за иднината и за можностите што ќе следуваат.





Ана Марија Каранфиловска, I г., билингвална паралелка. Моето хоби е глума. Ја сакам глумата бидејќи ми помага да се развивам како личност. Кога сум на сцена чувствувам среќа како што никогаш досега не сум почувствувала. Љубовта кон глумата е незаменлива и ќе опстои засекогаш.



Марија Котевска, I г., билингвална паралелка: Моето хоби е цртање. Уште како мала сакав да ја прикажам убавината на светот преку моите цртежи. Најзадоволна се чувствувам кога можам да ја искажам својата креативност и од обичен лист хартија да создадам некое уметничко дело.





Тамара Пејовска, III г., градежно-геодетска струка: Оваа струка ме интересира бидејќи секогаш има нови иновации и нови проекти кои претставуваат предизвик да се изработат. Омилен предмет ми е *Сообраќајници*. Градењето на патишта и сообраќајници од минатото до сега е значително развиено. Фасцинантни се сите нови технологии, машини и начини кои се употребуваат за современа изградба на сообраќајниците и патиштата. Од малечка сум вљубена во кретивноста и уметноста. Мојот талент за цртање го открив кога имав 13 години. Мојата цел е да се запишам на Факултетот за уметност во Скопје и да отворам училиште каде што децата ќе можат да ја развиваат креативноста и желбата кон уметноста.



Јована Петровска, I г., билингвална паралелка: Моето најомилено хоби е фудбалот. Овој спорт има посебно место во моето срце затоа што за време на тие 90 минути тоа отчукува неуморно, полно со љубов и жар. Не би сакала да го именувам само како обично „хоби" бидејќи го поминувам поголемиот дел од времето на фудбалските терени каде трчам и се борам секојдневно. Тренирам веќе 5 години, од мојата деветта година. Фудбалот е едноставно во мојата крв и имам надеж дека еден ден ќе заиграм за најголемите и најуспешни клубови. Би сакала моето име да се запамети!





Јана Темелкова, I г., билингвална паралелка: Хоби е активност која ни помага да побегнеме од секојдневниот живот. Книгата е таа што ми дава задоволство, ме релаксира и со неа запознавам нови светови и нови ликови. Ми дава инспирација понекогаш и јас да се фатам за пенкалото и во неколку листови да го напишам она што го чувствувам во моментот. Исто така, во слободно време, кога сакам да се релаксирам и да излезам на воздух, го земам мојот скирол и сечејќи го воздухот се чувствувам слободна како птица.





Антонио Трајковски, I г., билингвална паралелка: Моето поле на интерес и правец кој го развивам е компјутерската технологија, поточно кажано хардвер и софтвер. Секогаш сум во потрага по нови компјутерски технологии и се стремам да ги надградувам моите вештини. Кога работам на компјутер се чувствувам исполнет, бидејќи знам дека сум на пат да станам експерт од областа на компјутерската технологија.



Осман Хасановиќ, I г,. графичка струка: Спортскиот немирен дух го смирува на фудбалските терени. Активно тренира фудбал од својата седма година. Започнал во фудбалска школа во Прилеп, а денес гордо ја брани зелено-белата боја на Пелистер. Дисциплината и пожртвуваноста се карактеристики кои ги негува неговиот фудбалки клуб, а кои помагаат и во извршување на секојдневните училишни обврски. „Ако сакаш сѐ се можи" – е негово мото, па така Осман успешно балансира помеѓу учењето и неговото хоби.

ГРСТ забава

Рецепт за највкусна манџа – МАТУРАНТ

Земаш прво како подлога многу македонски јазик и литература во која се содржани многу книжевност и граматика. Додаваш една мала лажица географија и мала лажица историја, потоа мала лажица хемија, физика и математика. Кога манџата ќе згусни, се додаваат: програмски јазици, менаџмент и бизнис (од сè по една мала лажица) и една лажица информатика. После 45 мин. се зачинува со: англиски, германски и француски јазик (сè по една голема лажица). После тоа се додаваат: сообраќај, угостителско-туристичка состојка, па козметика, архитектонска, градежна, графичка и на крајот рударска состојка (по едно филџанче, сè убаво измешано). Откако убаво ќе прокрчкаат се додава текстилна состојка, ликовна, музичка и, како шлаг растворено, состојката физичка култура (која е најбитна). После 15 мин., на крајот, најважната состојка е МАТУРА и ручекот е ГОТОВ.

Ниеден залак не останува бидејќи е превкусно. Во стомакот не останува НИШТО (бидејќи се отфлени само токсичните материи, што е предност), ама ОСТАНУВАТЕ полни во душата. Одма посакувате да приготвите ПОВТОРНО ВАКВА МАНЏА, но ИСТА никогаш нема да направите.

ДОБАР АПЕТИТ!

Ири Јефтимова, наставник по Македонски јазик и литература

Осумнасочник

А	Р	Х	И	Т	Е	К	Т	У	Р	А	Д	Е	П	И	С	О	Л	Е	В
К	А	Б	И	Н	Е	Т	И	М	И	А	Л	И	К	О	В	Н	О	М	О
У	Г	О	С	Т	И	Т	Е	Л	С	Т	В	О	Н	А	Т	А	Б	Е	Д
Р	О	Р	Т	А	Н	Л	А	В	Г	Н	И	Л	И	Б	Л	А	Г	Т	А
Т	Л	М	И	Б	О	Е	В	Ц	И	Ц	Е	Р	Г	И	К	П	Е	А	М
С	О	У	Т	А	К	И	Д	А	С	К	А	Л	О	Б	И	Т	О	Л	А
А	С	З	Е	К	Т	Г							В	Л	Н	И	Д	У	З
К	Н	И	К	Е	Л	И							Р	И	Ж	П	Е	Р	И
Ч	О	К	С	Т	А	Н							З	О	Е	О	Т	Г	Р
И	Ж	А	Т	Е	В	К							У	Т	Д	Г	И	И	У
Ф	И	З	И	К	А	О							В	Е	А	Р	Р	Ј	Т
А	Ц	И	Л	И	С	Т							А	К	Р	А	К	А	В
Р	И	К	Н	А	Р	Г							Њ	А	Г	Ф	А	Р	М
Г	З	Ј	А	Д	А	О							Е	Ж	Н	И	В	О	А
Р	О	Е	С	О	Б	Р							О	О	Е	Ј	Д	Г	К
А	Л	Л	Т	С	О	Т							О	К	Б	А	Е	Т	Н
К	О	И	Р	А	Д	У	Р	С	П	Л	А	К	А	Т	О	Н	И	С	А
И	Е	Б	У	Ч	И	Л	Н	И	Ц	А	Т	Р	О	П	С	Н	А	Р	Т
Л	Г	У	К	О	З	М	Е	Т	И	К	А	О	Е	К	О	Л	О	Г	А
С	О	Ј	А	Ќ	А	Р	Б	О	О	С	А	Ј	И	З	А	Н	М	И	Г



агол
ада
арка
архитектура
библиотека
билингвална
благ
бор
велосипед
вода
врв
гатанка
геодети
геолози
гимназија
грам
градежник
гранки
графичка струка
грст
два
дебата
добар
еж
еколог
етажи
исти
јубилеј
кабинет
книги
книговрзување
кожа
козметика
крој
лава
лак
леи
лик
ликовно
лист
лица
металургија
мода
музика
нега
ние
никел
нокт
ножици
око
онаа
оса
особен
оти
пеам
перо
плакат
ракав
рис
рудари
сино
сито
сликар
сода
соја
сообраќај
стан
сто
таа
табак
текстилна струка
тие
типографија
тост
транспорт
туризам
угостителство
ум
утро
училница
фар
физика
цицер
час

Ана Марија Вељановска III 4, Елена Велјановска I 5, Благица Наумовска III 4, графичка струка

МЕДИУМСКИ КЛУБ



СОУ "ТАКИ ДАСКАЛО" БИТОЛА

Плакатот за Медиумскиот клуб го изработи Благица Наумовска, III-4 клас., графичка струка , графички уредник-дизајнер

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ТАКИ ДАСКАЛО
БИТОЛА

takidaskalobitola@gmail.com
www.takidaskalo.edu.mk



ИНФОРМАТОР

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА
https://e-uslugi.mon.gov.mk

ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ: ОД 20 ЈУНИ ДО 25 ЈУНИ 2024 Г. ДО 15:00 Ч.
ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО:
20,21 И 24 ЈУНИ ОД 07:00 ДО 17:00 Ч. И НА 25 ЈУНИ ОД 07:00 Ч. ДО 15:00 Ч.
ВТОРО ПРИЈАВУВАЊЕ: 01 И 02 ЈУЛИ 2024 Г. ДО 15:00 Ч.
ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО:
01 ЈУЛИ 2024 Г. ОД 07:00 ДО 17:00 Ч. И НА 02 ЈУЛИ ОД 07.00 Ч. ДО 15.00 Ч.
ТРЕТО ПРИЈАВУВАЊЕ: 21 АВГУСТ ДО 24.00 Ч.
ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТЕТО:
21 АВГУСТ ОД 07.00 Ч. ДО 17.00 Ч.

тел: 047-220-192

ул. „Димитар Илиевски - Мурато“ бр. 37 Битола

СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА УЧЕСТВУВА И ВО ПОВЕЌЕ МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА ЕРАЗМУС + ПРОГРАМАТА

Erasmus+

ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ – Потребни се 60 поени
Наставните планови во гимназиско образование се поделени во три подрачја со по две комбинации и тоа:
-природно-математичко подрачје,
-општествено-хуманистичко, и
-јазично-уметничко подрачје.

БИЛИНГВАЛНА ПАРАЛЕЛКА:
англиско - македонска, потребни се 60 поени, функционира во рамките на гимназиско образование.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС
природно-математичко подрачје:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика(комбинација А)
или биологија (комбинација Б)
општествено-хуманистичко подрачје:
мајчин јазик и англиски јазик математика и историја
јазично-уметничко подрачје
мајчин јазик и англиски јазик, математика и историја
билингвална паралелка:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и историја





ГРАФИЧКА СТРУКА/СЕКТОР ГРАФИЧАРСТВО:
Графички техничар/графички уредник-дизајнер,
комбинирана паралелка со четиригодишно траење
потребни се 45 поени
и паралелка
Печатар
со тригодишно траење
потребни се 30 поени.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, ликовно образование и хемија



СООБРАЌАЈНА СТРУКА/СЕКТОР СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ
Техничар за патен сообраќај за кој се потребни 55 поени и
Техничар за транспорт и шпедиција – потребни се 60 поени,

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика





ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА / СЕКТОР ТЕКСТИЛ, КОЖА И СЛИЧНИ ПРОИЗВОДИ:
Техничар за дизајн на облека/Техничар за изработка на облека
-комбинирана паралелка со четиригодишно траење
потребни се 45 поени.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, хемија и математика

ГЕОЛОШКО-РУДАРСКА И МЕТАЛУРШКА СТРУКА / СЕКТОР ГЕОЛОГИЈА, РУДАРСТВО И МЕТАЛУРГИЈА:
Геолошко-рударски техничар
со четиригодишно траење, потребни се 45 поени.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика





ГРАДЕЖНО-ГЕОДЕТСКА СТРУКА/ СЕКТОР ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА :
Архитектонски техничар/Градежен техничар комбинирана паралелка
- потребни се 45 поени.

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, математика и физика

УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА/ СЕКТОР УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ :
Хотелско - туристички техничар
потребни се 45 поени

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, биологија и географија





СТРУКА/СЕКТОР ЛИЧНИ УСЛУГИ:
Техничар за козметичка, нега и убавина, во соработка со компании
потребни се 45 поени

ЗНАЧАЈНИ ПРЕДМЕТИ ПРИ УПИС:
мајчин јазик и англиски јазик, хемија и биологија

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА



ГОДИНИ